СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Четириесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 2 јули 1992 година

Скопје, јули 1992 година

**43-та (ЧЕТИРИЕСЕТ И ТРЕТА) СЕДНИЦА – I ПРОДОЛЖЕНИЕ, ОДРЖАНА НА 2 ЈУЛИ(VII) 1992 година**

| | Дневен ред: ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОД ЕВРОПСКИОТ СОВЕТ |
|---|---|
| 1. СТОЈАН АНДОВ | 1 |
| 2. ФАИК АБДИ | 112 |
| 3. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | 75 |
| 4. САНЛЕ ДАВЧЕВ | 24 |
| 5. РАТКА ДИМИТРОВА | 48 |
| 6. НАСЕР ЗИБЕРИ | 72 |
| 7.ЃУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА | 95 |
| 8. СТОЈЧЕ КОВАЧЕВСКИ | 6 |
| 9. НИКОЛА КЉУСЕВ | 73, 74 |
| 10. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | 16 |
| 11. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | 4 |
| 12. ПАНЧЕ МИНОВ | 2, 13 |
| 13. НАИФ МУСТАФА | 25 |
| 14. ЕФТИМ МАНЕВ | 93 |
| 15. Т0ДРР ПЕТРОВ | 32, 71 |
| 16. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | 53 |
| 17. ЉУПЧО ПОПОВСКИ | 84, 97 |
| 18. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | 116 |
| 19. БЛАЖЕ РИСТЕВСКИ | 59 |
| 20. ТОМИСЛАВ СТЕФАНОВСКИ | 28 |
| 21. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | 105, 112 |
| 22. АСЛАН СЕЛМАНИ | 112 |
| 23.ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | 120 |
| 24. ПЕТРЕ ТРАЈКОВСКИ | 98 |
| 25. МУХАМЕД ХАЛИЛИ | 44 |
| 26. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | 2 |

СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Првото продолжение на 43-та седница на Собранието на Република Македонија одржана на 2 јули 1992 година

Седницата се одржа во салата број 1 во зградата на Собранието со почеток во 10,25 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Пратениците Благоја Чкатровски, Симеон Ивановски, Душко Ѓорѓески, Билјана Лазаревска, Панче Насев и Иван Иванов, како и Газменд Ајдарага ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници и Собранието може полноважно да одлучува.

**ГЛАСОВИ ОД МЕСТО:**

Да гласаме за Декларацијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Декларацијата има смисла да се стави на гласање ако не расправаме по текстот. Ако не расправаме и ако никој не бара збор за расправа по текстот на Декларацијата, може да ја ставиме на гласање. Меѓутоа ако барате да дискутираме тогаш да одиме по редот како што е овде. Ако може одма да се усвои без расправа и без расправа по амандманите ќе биде во ред. Расправата по текстот и расправата по амандманите е расправа по

I/2.- JJ-ВБ

точката. Ако се повлечат амандманите и да нема расправа може да гласаме. (Никој не бара збор)

Одиме по тој редослед каде што застанавме вчера.

За збор се јави Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници. Најновата одлука на европските дванаесетмина, односно Европскиот совет во овој момент непризнавањето на Република Македонија ја револтира и многу ги разочарува, но не смее да не обесхрабри и да не наведе на неевропско реагирање. На тој акт не смееме да гледаме како на победа на грчката или пораз на нашата политика. Тоа е само моментален пораз на принципите на европската идеја и интеграција. Ако некој со тоа политичко - калкулаторска одлука загубил, тоа е европската идеја, европската филозофија и европските интеграциони процеси. Имено Европа се покажа дека сеуште на прагот на XXI век е можно за сметка и во интерес на појаките народи да се жртвуваат интересите на помалите народи. Тоа е тешко во овој момент за сите нас во Македонија. Но, исто така, тоа е всушност најлошо и за судбината на Европа. Со тоа се изневери мирот во овој дел на Балканот и во овој дел на Европа. Ние не сме поразени. Нашата политика оди и понатаму како рамноправна и мултинационална заедница на еднакви Македонци, еднакви Албанци, еднакви Турци и еднакви други националности што живеат во Македонија. Со тоа сум убеден дека Европа за кратко време ќе ја преиспита својата одлука дека таа одлука наскоро ќе падне и тоа од едноставна причина. Таа не е плод на европските принципи, туку на една неодржлива уцена. Во овој момент нам ни е потребна една поинаква стратегија која и до сега веќе моравме да ја имаме. Имено, стратегија која што ќе ја одржи и ќе ја зачува Републиката и во случај и на

подолготрајно непризнавање и конечна стратегија која се одликува со цврстина и меѓунационален просперитет во секој однос, економски и општествено - економски живот за сите подеднакво Македонци, Турци, Роми, Власи и други што живеат во Република Македонија.

Како таква Македонија и постои, Тоа е историска реалност, за што и се залагаат нејзините прогресивни сили. Тоа е императив на времето, тоа е наша гаранција, тоа е наша иднина, а се друго Македонија би ја вратило во сеништата на минатото како во Балканските војни така и во Првата светска војна.

Барам единство и рамноправност за сите и во овие тешки моменти, бидејќи како такви сме и признати и познати, уште повеќе и многу јаки и непоразени. Тоа што се наметнува промена на името, па дури се нуди и солуција за постапката како да се смени тоа, може да се квалификува како мешаше во внатрешните работи на една држава, која неспорно постои Тоа е нелегална, неприфатлива идеја европски- те 12-мина.

И на крај единството и меѓунационалното почитување е наша гаранција за признавање и постоење. Тоа е историска нужност за сите во Македонија. Нашата вистина, вистината на национална верска и јазична рамноправност еден ден ќе се потврди во Македонија, во Европа па и пошироко.

Додека некои излагања во врска со прашањето што е на дневен ред укажуваат како да немаме објективен пристап во нудењето на решенијата. Исто така евидентна е и појавата на таканаречени слаби студенти и уште послаби ментори. Меѓутоа, најмалку може тоа да се однесува на Малевски и на Глигоров, бидејќи првиот е доктор на меѓународното право и дипломат по вокација а вториот е само искусен принципиент во нашата дипломатска активност.

I/4.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Ванчо Младенов.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Почитувани пратеници, веднаш да кажам дека ова не е моја област, чувствувајќи се некомпетентен за односите со странство, односно за надворешната политика, сепак се јави да учествувам во расправата. Тоа покажува дека Декларацијата што ја усвои ЕЕЗ а што се однесува на признавањето на Република Македонија со име кое нема да биде вклучено името Македонија, е толку прозирна и некомпетентна што секој обичен граѓанин реагира со одбојност, неприфатливост и крајно потценувачки. Јас немам намера да зборувам за нивната Декларација. Таа е нивна и сами нека си ја прочитаат уште неколку пати, па веројатно ќе сфатат каде им е грешката.

Јас би сакал да кажам каде е нашата грешка, а ако воопшто ние ја имаме. Најнапред би рекол што јас подразбирам под и што е водење надворешна политика. Надворешната политика за мене е репрезентација на внатрешната политика, надвор од сопствените граници. Ако е така се поставува прашањето што до овој период на донесувањето и на оваа европска Декларација ние можевме да понудиме, како наше препознавање да не речам, како наш македонски имиџ. Донесовме Декларација за суверена и самостојна Република Македонија. Донесовме граѓански устав и многу други работи врз чија основа нивната стручна комисија од правен аспект ни дозволува односно ни даде виза да можеме да бидеме меѓународно признати. Меѓутоа, сеуште ги немаме донесено системските закони. Се уште не е отпочнато со правиот процес на приватизација. Немаме дефинирани симболи на државата. Латентни се меѓунационалните односи. Исто така немаме низа други аргументи кои што се доволна претпоставка за едно успешно водење на надворешната политика. За сето

I/5.-

ова во ништо не ни е крива Европската заедница. Морам да кажам дека јас лично не се чувствувам виновен за ова, бидејќи бев спремен да одлучувам за сите овие клучни прашања, но ете до денеска не беше побарано од мене.

Што се однесува до критиките упатени во досега расправа директно на претседателот на Републиката и министерот за односи со странство јас интегрално би рекол дека се упатени без минимум доза за самокритика со исклучок на оние критики кои навистина беа конструктивни и добронамерни.

На Европската Декларација, според мое мислење, може да се одговори со едно единствено со едно големо и чисто НЕ. Сите други одговори би биле некомпетентни, неодговорни и неприфатливи. За мене, исто така крајно е неприфатливо и одговорот дека за името на државата во кое не би стоело "Македонија" може да реши само на- родот. Јас овде сум категоричен и велам дека никој и повторувам никој кој може да им го даде правото токму на овие генерации кои денеска случајно се живи да решаваат во име на генерациите кои се заминати и воочиме на генерациите кои што треба сега да дојдат. Само да се потсетиме на последните на нашите ранети борци за слобода на Македонија кои што умираа заедно со зборовите "Македонското име нема да загине!" Која е таа сегашна генерација што ќе одлучи генерациите што утре ќе се родат на овој простор да не се викаат Македонци. Оттука произлегува дека дилеми нема и не треба да има. Меѓутоа, се поставува прашањето, што понатаму? Сега веќе сосема треба да ни биде јасно дека треба сите наши сили да ги впрегнеме во решавањето на нашите внатрешни нерешени работи, пред на оние што напред наведов а сега ќе ги повторам: да се интензивираат процесите на сите недонесени системски закони, да се отпочне со целосна приватизација на општествениот капитал, да се усвојат симболите на државата Македонија, да се интензивира стопанското производство, да се произведуваат квалитетни производи кои што ќе бидат барани на

Европскиот пазар. Едноставно речено да се наметнеме на Европа и таа нас да не бара, а не постојано ние да ја молиме. И на крајот би сакал да кажам дека Предлогот на Декларацијата на Собранието што е понудена во целост ја поддржувам.

**СТОЈЧЕ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, претходниве неколку дена со група лекари од Македонија учествував на европски конгрес во Париз и можам да ви кажам колку е тешко, далеку од татковината да слушнеш лоши судбински вести за Македонија. Оттука и ја разбирам нашата дијаспора како реагира за состојбите во татковината во овие судбински часови. Со голем гнев и револт ја примивме оваа вест. Огорчени бевме кога видовме дека и конгресната изложба Грција ја злоупотребуваат растурајќи карти на таканаречена Грчка Македонија, ширејќи дезинформации меѓу 6.000 учесници од целиот свет на овој Конгрес. Службениците во конгресните канцеларии на конгресните беџеви одбиваат да го испишат името Македонија, а како држава пишуваа Југославија. За утеха, истото му се случи на еден учесник од Словенија. Својот протест го искажувавме со тоа што своерачно на беџовите пишувавме Македонија а беа истакнати и транспаренти на кои беше напишано "Европа да научи еднаш дека Македонија не е ниту Грчка ниту Бугарска, ниту Српска”. Со задоволство и занес се растураа проспекти напишани со името Македонија на француски и на англиски јазик. Морам да ви кажам и тоа колку Европа е рамнодушна спрема Македонија од она што го видов со свои очи. Па, верувале или не, никаква вест на Телевизијата, ништо во весниците, а ние за Декларацијата на Европската заедница разбравме од телефонските разговори со домашните и пријателите во Македонија. Првите вести за Декларацијата се објавија дури завчера, во вторникот во "Монд" и во "Либерасион" а "Фигаро" не најде простор ни до завчера да ја објави таа вест. "Монд" ја објави завчера како и изјавата на претседателот Киро Глигоров, по повод

I/7.-

Декларацијата. Силно револтира и однесувањето на господин Митеран, барем јас така го доживеав кој лицемерно со маслинова гранка патуваше во Сараево откако претходно во Лисабон се заложи за геноцидно решение во Македонија. Сигурно поддршка за Сараево! Али, господине Митеран Декларацијата на Европската заедница во име на европската, таканаречена демократија зарем не потсеќа нешто на Резолуцијата на информбирото која произведе исто, како и сега блокади, глад и се што го убива достоинството на чесните луѓе. Ете и тоа е Европа за жал, на прагот пред XXI век . Со односот спрема Македонија, со ништо таа не се разликува од Европа на крајот на минатиот век и почетокот на XX век во времето на Крушевската Република, Илинденското востание, Балканските војни, Првата светска војна.

Затоа народната лесно ја смести Европа како блудница и трипати ја проколнав - триклета а тоа е најтешката клетва што сум ја чул, по една клетна во трите дела на поделена Македонија. И сега што?\ Зарем, Европа не ја знае вистината за Македонија денес? Зарем Европа верува на Грците дека името Македонија содржи територијални претензии! Смешни и истовремено и жалосни работи!

Во семејната архива чувам едно писмо , едно печалбарско писмо од мојот прадедо кој во борба за леб од печалба во Романија пишува писмо. Нема да зборувам за содржината на тоа писмо, туку како е адресиран пликот. На него пред повеќе од 10 0 години, уште за време турско пишува Македонија, за да стигне писмото на право место во неговиот дом во Струга, кај неговите најблиски, да ги израдува дека е здрав и жив и дека скоро ќе си дојде. Ова писмо вака адреси- рано денес ако треба да помине преку "демократска Грција", во денеш- на "демократска Европа", заради адресата Македонија нема да стигне до дома. Заради"територијалните претензии на мојот прадедо" Европо, засрами се,до каде стигна?! Ти, го враќаш колцето на цивилизацијата.

I/8.-

Овде се извинувам за емотивноста, признаам сега после ваквите неправ- ди врз Македонија дека многу повеќе од некогаш имам разбиран>е за Солунските атентатори,па и повеќе од тоа. Ако Европа, светот и понатаму докажуваат дека сакаат Македонците да ги остават за секогаш без своја држава, тогаш верувајте дека секоја генерација на тој гневен народ/ во состојба на кумулирана вековна огорченост, ќе роди нови солунски атентатори, кои што не ќе може да ги контролира ниту денес најмиролјубивиот државник во светот Киро Глигоров. И воопшто во Македонија без меѓународно признавање не ќе може без крвопролевање долго да се остане, сакале ние или не, сакала Европа или не!

Инаку за менување на името Македонија не може никој да очекува дека треба и може да одлучи овој Парламент. Ниту можат да одлучат сегашните генерации, бидејќи тоа прашање е и на идните и на минатите генерации кои ја ствараа чесната и славна историја на Македонија.

Овде не кои споменаа и побараа оставки. Колеги пратеници, не е време за оставки. Зошто? Се споменува погрешна политика. Па никаде Европа не ја споменува нашата погрешка политика ни надворешна ниту внатрешна политика. Бадентеровата комисија го кажа тоа многу јасно. Европската заедница не не признава заради нашето име. Зарем името е грешка? Ако е грешка, тогаш нека каже некој тука. Затоа јас чувствувам дека барањето оставки сега не е поврзано со Декларацијата на Европската заедница, туку со желбата од порано присутна кај некои со идеолошки мотиви и набој да се симне претседателот Глигоров и раководството на Македонија, да се создаде една социјална дестабилизација, политичка дестабилизација, економска и ете,да се сруши нешто а после од пепел ќе правиме нешто ново. Од пепел не се прави ништо, па ни куќи. Мислам ако тоа некој од пратеници и раководството на ВМРО-ДПМНЕ го протежираа,

членството на ВМРО, кое што не сакам да го повредам, сигурно не верува дека е тоа патот на Македонија. Тоа е чиста заблуда и рушење на последната шанса на Македонија да добие признаа своја држава. Нашето раководство со Киро Глигоров на чело изложено е на нови напади од сите страни.- Од Софија велат дека е тоа Србо-комунистичко раководство. Пред два дена во софиска "Дума" враќајќи се на аеродромот во Софија, прочитав многу слични, вчудоневиден, дискусии и констатации кои што ги чувме вчера од оваа говорн ца. Од Белград, истото тоа раководство се нарекува бугарашко и се спремаат дивизии да се обор$. Па кој е тој што треба да го заштити ова наше раководство, зар не е тоа овој Парламент. Зарем не ја грдевме заеднички политиката и внатрешна и надворешна. Сигурен сум дека и Шешељ не очекуваше дека не ќе му требаат дивизии, дека ќе се најдат и во Парламентот и во најтесното раководство на една"најмакедонска партија" да го руши тоа раководство што сакаше некој со дивизии да го руши. Чудно некое совпаѓање и повторување на историјата во Македонија. Дајте да кажеме доста. Барем овој Парламент кој што, иако е напаѓан и од нашите, овде, во Македонија, јас сметам дека ипак, по се она што досега го стори по Декларацијата, по објавувањето на независна суверена Македонија, по Референдумот итн., одигра историска улога со сите свои слабости кои ние ги имаме во нас како поединци и како парламентарни групи.

II/1 пј/вц

**СТОЈЧЕ КОВАЧЕВСКИ**: (продолжение)

Доста други досега не делеа, немојте ние да се делиме.

Инсистирам на општо единство на сите парламентарни и вон парламентарни партии и сите граѓани на Македонија по прашањето за одбивањето на Декларацијата и консолидираше на нашите редови за економски, социјален и политички мир. Го поддржувам текстот на Декларацијата на Европската заедница.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Почитувани колеги, колешки, почитувано претседателство, јас уште еднаш ќе ја искажам мојата констатација во врска со најновата одлука на Советот на Европската заедница, која што за мене претставува контрапродуктивен и ирационален чин, не само за нас, туку и за самата себе, за самата неа, за самата Европа. Ако со една ваква одлука се негираат индивидуалните права на граѓаните се вегираат колективните права на еден народ мислам дека на таа ^ основа не може да се гради идната филозофија и политика на Европската заедница. Европската заедница има и други членки, ќе се родат и други ситуации каде што треба и дали треба повторно да покаже протекционизам на одредена членка, да ги заштити своите членки. Мислам дека мора да дојдат нови објективни ситуации, каде што Европа мора објективно и навистина да реагира на објективни состојби.

Втора моја констатација е дека оваа одлука на Европската заедница нема ни меѓународно правна аргументација, ниту е морална. Ако се признава постоењето на еден народ, се признава неговиот историски, национален и културен идентитет, се прашувам може ли името надвор да фигурира од овој негов идентитет и овие негови обележја. Впрочем за тоа покажа и последната одлука на Бадинтеровата комисија која што потврдно

потврди дека Република Македонија ги исполнува сите услови да биде независна и самостојна република. Најмалку треба да жалиме ние во моментот со една ваква одлука затоа што мислам дека нема долго да истапи Европската заедница на еден ваков став дека таа мора да се носи само со политички одлуки без да бидат испитани објективните предуслови кои што ги исполнува една република како што е Република Македонија. Меѓутоа, во моментот мислам дека треба да му кажеме нешто друго на нашиот македонски народ. Да му кажеме дека со најновата одлука на Европската заедница навистина тој е доста оштетен. Ако се прекинати финансиските, стопанските, политичките институции со коишто би требало да се поврзе Република Македонија јасно е дека тоа ќе доведе до крајно осиромашување на овој народ. Тоа секако ќе репродуцира и ќе резултира една ситуација на поголема економска и социјална беда.

Од друга страна не е исклучена можноста да имплицира и политички импликации. Повторно да се појават апетитите на одредени наши соседи кои што за жал и порано го кажуваа тоа. Затоа мислам дека сите заедно, прво, во Парламентов на актуелната политичка власт што денес постои, на целокупната македонска јавност и претстои историски момент кога треба да бидат сите заедно, да се откажеме од секакви политички емоции, партиски емоции, од секакви партиски претензии, да се откажеме од сомневањата, да се откажеме од недоразбирањата, да се откажеме од секакви партиско - политички амбиции кои што можат да ја дестабилизираат Република Македонија. Напротив, треба да тргнеме во единството на мислата и во единството на акцијата. Уште еднаш да ја доаргументираме вистината дека се бориме за суверена, самостојна и независна Македонија.

Македонија која што не сака да биде некаков продолжеток на одредени конфедерални форми Македонија која ќе остане вечно со своето име. Искрено речено мислам дека не би требало во овој момент многу критизерски да настапуваме, туку треба да водат дискусии кои што имаат и чекор напред.

Што се однесува до водењето на досегашната политика, јас мислам дека сепак таа треба да биде поагресивна и поофанзивна и побрзи одлуки во носењето на одредени свои ставови. Мислам дека Република Македонија треба да ги отвори дипломатско - конзуларните претставништва со коишто ќе овозможи непрекинат процес на комуникација на стопанските, економските и политичките токови што ќе гарантира развој на Република Македонија. Република Македонија треба да отвори и центри во Македонија, како што рече< и господинот Гошев со авторитетни луѓе кои што ќе го афирмираат до крај историскиот, националниот и културниот идентитет на Република Македонија, а ќе се спречат секакви политикански калкулации и пазарења на сметка на Република Македонија.

На крајот ваквото единство истовремено треба да не мотивира кон целосно свртување на зацртаните активности за оживување на начелата на Уставот на Република Македонија предвидени со Уставниот закон. Ние мораме да воведеме нови односи во стопанскиот живот. Да ја извршиме потребната трансформација на стопанскиот систем и капиталот. Новата стопанска демократија ќе се рефлектира во новите односи на вкупната демократија. На тој начин ние ќе направиме нов богат човек кој што ќе биде задоволен со себе си, а истовремено тоа ќе биде најголемата гаранција пред Европа и светот а и пред самите себеси.

II/4

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, јас ги поздравувам позитивните ефекти од лисабонската декларација на дванаесетмината лидери на Европската заедница во смисла на искажаната готовност за признаваше на Република Македонија како независна држава во постојните граници, што го прифаќа.

Делот од декларацијата што се однесува на условувањето на признавањето со решавањето на формалниот проблем со името е апсолутно неприфатлив. Европската заедница е нелегитимна да условува работи од витално значење за националниот и државниот интерес на македонскиот народ како што е името на народот и државата на граѓаните, што значи флагрантно мешање во исклучиво внатрешни надлежности на граѓаните на Република Македонија за правото на самоопределување за сопственото историско име.

Коментирајќи ги причините за ваквиот став во содржината на Лисабонската декларација оценувам дека Европската заедница е изнудена конструкција во една ситуација, а по повод барањето за признавање на Република Македонија на противречен сплет на политички интереси диктирани од соседна Грција и нејзините статусни односи на член на Европската заедница што фактички ја прават привилегирана во нејзиниот познат став за непризнавање на македонскиот народ и Република Македонија, што со признавањето на Република Македонија би ги загрозило актуелните и официјални структури на власт во Република Грција.

Понатаму користење од страна на Европската заедница на актуелното барање на Република Македонија за признавање и против барањето на Република Грција по жртва на барањето за признавање на Република Македонија,а во интерес на сопствената политика на Европската

заедница за одобрување на евентуалниот вооружен напад на Босна, отфрлање на ветото за финансиска' помош на Европската заедница на Турција и други, да го усвои максималното барање на Грција во однос на признавањето на Република Македонија. По мене овој став на Европската заедница е безпринципелно, краткорочно решение врз база на актуелните интереси на Европската заедница и Грција реално гледано кои во овој момент надвладеа врз првичните интереси на Република Македонија за економска и политичка интеграција во меѓународната заедница како суверена и самостална држава и фактот на мирот на Балканот и Европа.

Оспорувањето и негирањето на Република Македонија, иако третирано како формален проблем на Европската заедница во својата суштина е длабоко суштинско по негирањето на државн о- правниот субјективитет и национален идентитет на Република Македонија, нејзината сопствена територија и историја по што никој освен народот нема легитимитет да одлучува, а за* што ^граѓаните на Република Македонија одлучија на референдумот за суверена и самостална држава и нема никаков компромис за трговија по однос на признавањето под избор на друго име или користење на двојно име. Официјалната званична политика на Република Македонија на демократско, мирољубиво и државно осамостојување во суверена и независна држава со Лисабонската декларација, убеден сум дека не е оспорена и поразена. Напротив, исто како и Бадинтеровата комисија ја потврдува согласноста на официјалната политика на Република Македонија со признавањето на Европската заедница дека се исполнети сите услови за признавање и дека за тоа Европската заедница е спремна да го стори со решавањето на проблемот на името како единствена потенцирана причина, што е изнудено, заради реално поголемите политички интереси на Европската заедница спрема

приоритетните барања на Грција, свесно кршејќи ги и сопствените принципи и платформа на европска интеграција.

Овде од парламентарната говорница, надвор од расправата по Лисабонската декларација беа искажани многу неповолни квалификации и тешки обвиненија спрема претседателот на Републиката и министерот за односи со странство со барање за нивна одговорност» За жал, тие во многу коинцидираат со истите аргументи што ги употребуваат застапниците кои се против признавањето на Република Македонија, на пример, неокомунистичка власт во Македонија, немање на демократија во Македонија. Народот не ја подржува власта во Скопје и на Глигоров и сл. Неодминлив е заклучокот дека се искористува судбоносната состојба во која се наоѓа Република Македонија на меѓународен план за борба и преврат со рушење на постојната раководна структура на власт во Републиката. Вакви намери и цели не се постигнуваат на начин со барање на одговорност и сакање политички преврат во Републиката, туку преку борење за аргументите против постојната политика и за целите на сопствената политика на нови избори за претседател и пратеници, за што непосредно ќе одлучи народот и граѓаните на Република Македонија.

Затоа, предлагам Собранието во најкраток рок да ги донесе сите изворни закони и веднаш да се распишат и да се спроведат нови избори за претседател и пратеници заради верификација на официјалната власт и политика единствено од страна на народот и граѓаните на Република Македонија, а не истата да се атакува и присвојува од поедини партии и поединци во името на истиот народ и граѓаните.

Оградувајќи се и реагирајќи на сите повикувања за одговорност за претседателот на Републиката господин Киро Глигоров и министерот за односи со странство господинот Денко Малески по однос на неговата

оставка, го пренесувам ставот на пратеничката група на реформски сили вили - Либерална партија дека всушност во суштина се  работи за длабоко морален чин со оценка дека господин Денко Малески, функцијата министер за' односи со странство ја врши високо професионално во согласност со утврдената политика од Собранието и Владата на Република Македонија и во интерес на независноста и меѓународното признавање на Република Македонија. Известувам дека доколку не ја повлече оставката господин Денко Малеско од функцијата министер за односи со странство, пратеничката група, Реформски сили - Либерална партија ќе го покрене прашањето за доверба на владата бидејќи смета дека тој е најсветлата точка во сегашниот состав на Владата, за што веќе има подготвено предлог со потребниот број на потписници.

Во овој момент извонредно е потребно, односно извонредна е потребата од политичко единство и граѓанско заедништво за смирено продолжување за процесот на меѓународно признавање на Република Македонија и интензивирање на поефикасно разрешување на економските и политички проблеми во Републиката, понатамошно развивање на демократските и меѓунационалните односи, градење на меѓународна соработка со сите држави, посебно во Европа и во рамките на Европската заедница каде што ја гледаме иднината и пред се добро соседски односи со нашите соседи.

**ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:**

Господа пратеници, пред да почнам со моето излагање сакам само неколку збора да кажам како увод во тоа излагање. Прво, да се потсетиме на тоа дека Декларацијата како декларација која што ја имаме сега добиено од страна на Европската заедница многу погрешно се сваќа дека таа

декларација нашата пратеничка група не ја прифаќа она како што е односно не се спротивставува на дел од таа декларација, поготово на името. Затоа што ние знаеме дека од времето кога ја формиравме оваа партија бевме за една единствена Македонија која што и ден денес ни е во нашите усти.

Никој воопшто од нашите пратеници не може да каже дека се спротивставуваме на тој дел.

Што се однесува до нашите излагања, мислам дека редно е тие излагања да се прифатат онака како што е, бидејќи знаеме дека од времето на Бадинтеровата комисија па до денес името Македонија не сакаат да го спомнат господата од јужниот сосед односно од Грција. Затоа што уште од тогаш знаевме ние дека не го сакаат тоа име и според мене сметам дека уште тогаш требаше да расправаме за ова денес, односно за овие неколку дена што ги расправавме. Меѓутоа, јас со одредени ставови се сложувам, но став кој што е земен во однос на она што се пишува и што се работи, јас мислам дека не можам да го поднесам. Поготово во весникот Нова Македонија завчера на насловната страна

III/1.-ДВ/МЛ

**ВЕЦКО ЛИЧОСКИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

......Имаше еден скромен гест кој јас  го сметам дека е срамен. Мислам оној што го молиш не треба да го лутиш. Ние треба да кажеме дека погрешила Европската заедница, но она што беше напишано на насловната страна на весникот "Нова Македонија", не е достоинствено да се напише. Понатаму сметам дека од времето на формирањето на ВМРО, оние првите дејци што го формираа тогаш, еден од нив запраша што ако ја ослободиме Македонија, што со нас? Другиот му вели - ние ќе се истепаме еден со еден и нема да живееме. Нема да живееме затоа што ако живееме ќе ја изгнасиме Македонија со нашите алчни барања во однос на поставувањето, односно заземање на сопствени места. Сега би се послужил со една анегдота која вели - онаа кос- ка дали е од слон или е од жаба, таа е сепак коска, без разлика дали ја фатил голем или мал пес, ја држи и никако нејќе да ја пушти.

А сега да кажам зошто јас натаму сакам да се задржам. Сакам да се задржам на она што ние го погрешивме точно пред неколку месеци а ќе кажам зошто.

Навистина со жалење би можеле денес да констатираме дека македонскиот народ и лојалните граѓани на Република Македонија се наоѓаат во една срамна положба која е под нивото на секакво човечко достоинство и тоа не по своја вина, туку како последица на политиката што ја води македонското раководство во која што немаше никаква национална визија, никаква национална платформа за новото место на Македонија во изминатите меѓународни околности. Нашето раководство и неговите приврзеници се до вчера многу малку размислуваа за вистинската самостојност на Македонија, Се до вчера страхуваа дека Македонија може да опстане како самостојна држава, надевајќи се па и настојувајќи да остане каква таква југословенска заедница па макар и редуцирана,

III/2.-

робувајќи и на југословенската идеја. Нашето врзно раководство како да заборави дека битката за меѓународното признавање на Македонија се води и на внатрешен план.

Ако е познато дека надворешната политика на една земја не претставува ништо друго до одраз на нејзината внатрешна политика, на нејзините внатрешни состојби, тогаш со оглед на катастрофалната состојба во Републиката воопшто и не зачудува што таа политика ја доведе Македонија во ситуација во која денес се наоѓа. Иако со Декларацијата на Европската заедница е запечатена судбината на македонското прашање за еден подолг период, за нашата партија борбата за меѓународното признавање на Македонија не само што ќе продолжи, туку уште повеќе ќе се интензивира. Не треба меѓутоа да се залажуваме дека со оглед на тешката хипотека која ни ја создаде актуелната власт процесот на меѓународното признавање на Македонија ќе биде лесно, брзо и безболно. За меѓународното признавање на Републиката ние ќе треба упорно да се бориме и избориме. Ако некој како што тоа е случај со нашето врвно раководство и нивните приврзеници не беше спремно да се носи се до тој процес, тоа не значи дека треба да дозволиме дека треба да се изгуби денешниот ден. Секој ден е драгоцен и треба рационално да се искористи, да се надокнади испуштеното. Вистинската битка за меѓународното признавање на Македонија треба да започне. Морално право да бидат учесници во таа битка денес имаат само вистинските национално определените и демократски сили во Македонија. Мојата партија знаеше како и кој треба да ја води таа битка, за разлика од другите кои се, случајно меѓународно признавање на Македонија ги врзуваше со одредените термини, сакајќи на тој начин да го сврти вниманието на македонската јавност од катастрофалните внатрешни состојби. Ние сакале тоа да го признаеме или не, уште пред седум месеци изготвивме Платформа за

Македонија во меѓународните односи и нејзината надворешна политика во која на јасен начин ги утврдивме основните приоритети на Македонија на меѓународен план, на краткорочна и долгорочна патека, односно ја утврдивме нашата надворешно - политичка стратегија.

Колку што ми е познато, или пак не сум доволно информиран, таа Платформа е досега единствениот документ на една македонска партија за меѓународната стратегија на Македонија. Што значи пред седум месеци мојата партија инсистираше на создавање автентична македонско - надворешна политика. Политика која не само што ќе биде активна, динамична, креативна, рационална туку и способна реална да го согледа светот каков таков, што е и нашите клучни државни интереси во него Меѓутоа до ден денес меѓу фалениот министер за односи со странство, за кого би сакал само да ве потсетам дека господинот претседател на Републиката во една прилика рече - кога би барал меѓу шест министри за надворешни работи од поранешните југословенски републики би го одбрал само него, покажувајќи на тој начин дека тој е претседател на македонската Влада кој што не ни понуди никаков закон за надворешно - политичка активност за Македонија. Уште тогаш ние подвлекувавме дека надворешно - политичката стратегија на Македонија бара способни, смели, динамично и високо професионални дипломатски кадри, дека во оваа област и не само во неа конечно мора да им се даде приоритет на луѓето со интелектуална смелост и духовна слобода, на критериумите на стручноста и оспособеноста за надворешно - политичкото работеше, на општата култура и познавањето на необично сложените и противречни токови во светот.

До 1 јуни македонската Влада тактизираше и не сакаше да ги повлече од Белград македонските дипломати. Кога тоа конечно го направи, за големо чуден>е на овие луѓе им е речено да си седат дома и дека ќе ги

викнат кога ќе бидат потребни. Замислете каков е тој луксуз. Тоа се прави кога Македонија води битка за меѓународното признавање.

Господинот претседател и господинот министер за надворешни работи имаа и имаат смелост и денес да не убедуваат дека се залагале за меѓународното признавање на Македонија. Јас би сакал да им го поставам прашањето зошто не сакаат да го користат знаењето и искуствата на голем број дипломатски кадри кои ги има Македонија и зошто ни еднаш не ни беше презентирана една стенографска белешка од разговорите што ги водеа за признавањето и непризнавањето на македонската држава пред и после Платформата Изетбеговиќ - Глигоров, каде ќе се види позитивноста или негативноста на политиката што го водеше нашето врвно раководство и што го води со надворешната дипломатија, за да го знае, ако не цела јавност барем овој Парламент, ако треба и на една затворена седница, бидејќи истиот Парламент е највисоката законодавна власт во оваа држава, како би можел овој ист Парламент да донесува правилни одлуки. Ова што сега го барам исто тоа го барав од оваа говорница пред неколку месеци и реков де ка историјата нема поправен испит, а се пишува така како што ќе се направи во моментот кога случката ќе се случи. Уште тогаш а и повеќе месеци пред тоа укажувавме дека активноста за меѓународното признавање на Македонија не само што треба да започне многу пора- но и не само што не смее да се сведе само на неколку личности и на недоволен број меѓународни контакти, туку дека таа активност треба да биде многу поширока, планирана посмело и дека во неа треба да бидат вклучени сите оние кои може да дадат свој придонес. Меѓутоа, господата врвно раководство на оваа македонска држава си ги пренценија своите можности, самобендисано верувајќи дека тие се избраните и најспособните кои ќе влезат во историјата. Со тоа што се избориле за меѓународното

III/5.-

признавање на Македонија. Тие во оваа борба  се вклучија под принуда затоа што се до неодамна нивната стратегија се знае каква беше. Затоа не е случајно тоа што седум ипол месеци во својот избор на истите немаше никаков меѓународен контакт, дека заедно со своите поданици се .бореше да се стече меѓународното признавање на Словенија и Хрватска. Уште тогаш ние баравме итно отварање на македонски надворешно  -политички претставништва во најзначајните европски и светски центри како и земјите од посебен интерес за Македонија. Но до ден денес такви центри немаме, така што Македонија е комплетно излирана од светот. Потребата од отворањето на вакви центри кои помеѓу народното признавање на Македонија би прераснале во нејзини дипломатски претставништва на врвното раководство и неговите истомисленици повеќе пати им беше потенцирано и од влијателни европски личности. Само за потсетување, генералниот секретар на Советот на Европскиот совет госпоѓата Ќетрих на 11 декември 1991 година беше речено: "Потребно е владите на европските држави повеќе и почесто да се доставуваат информации за Македонија и сигурно потребно е Македонија да отвори свои претставништва, поготово во Брисел"• Тоа не се направи.

Такви сугестии македонското раководство добиваше и од бројни европски и други бизнисмени кои укажуваа дека многу малку се знае за Македонија во светот. Уште пред година ипол баравме создавање на јак македонски лоби во светот. Во таа смисла од нашата чесна емиграција беа испратени конкретни писмени предлози до македонското раководство кои до ден денес не добија одговор. Уште тогаш кажувавме дека треба да се води многу посериозна сметка за историските и тековните јавни и прикриени претензии и аспирации на соседните земји спрема Македонија и дека согласно со тоа треба да се интензивира максимално нашата меѓународна пропаганда. Но, на тој план е направено многу малку за

широко да се пропагира и активира македонската идеја во светот. Широко да се афримира и пропагираат желбите и напорите на Македонија за независност и самостојност. Ако Грција не го направеше тоа светот немаше ни да чуе дека постои како народ, како територија,. како Република. Уште тогаш ние инсистиравме нашиот меѓународен маневарски простор да се прошири и покрај ЕЗ тежиштето да се даде и на други значајни земји во светот. Дека треба да бараат нови можности за проширување на соработката со земјите во развој од чии пазари македонското сто- панство ќе зависи уште толку. Ние уште тогаш нагласувавме дека Македонија со надворешно - политичката активност мора да биде по- веќе во служба на економијата, но и на овој план не се направи ништо, така што денес ги губиме и пазарите на кои и традиционално бевме присутни. Уште тогаш ние баравме поинаква политика спрема нашите работници во странство, поинаков однос спрема нашата емиграција, поинаква политика спрема нашите соседи, спрема Европа, европските интеграции итн. Барем да беше малку мудро како што себеси се сака упорно да се прикаже нашиот државен врв, ќе искористеше барем малку од таа наша партиска платформа за местото на Македонија во меѓународните односи, во нејзината надворешна политика. Затоа денес не можеме да прифатиме никакви жалопојќи од страна на врвното раководство и неговите поданоци за судбината на Македонија. Со оглед на она што го направија, односно не го направија тие имаат најмалку морално право да зборуваат за судбината и иднината на Македонија. Би сакал да им порачам дека не треба да се каже многу за Македонија, дека Македонија и без нив ќе опстане, дека нема да се доведе македонскиот народ во ситуација да биде нивни арбитер. Треба да знае нашето врвно раководство дека Европа не не сака вака како што сме, туку треба да расчистиме со социјализмот.

Се додека не воведеме пазарно стопанство, се додека не воспоставиме вистинска парламентарна демонстрацијата и почитување на човековите права и слободи мислам тешко ќе биде признавањето на Македонија.

Уште нешто. ВМРО-ДПМНЕ сме за национално единство и за национален консензус и на тоа инсистираме уште од моментот, од основањето на нашата партија.

**САНДЕ ДАВЧЕВ:**

Декларацијата на Европскиот совет усвоена во Лисабон на 27 јуни во делот што се однесува за признавањето на Република Македонија со име кое нема да го вклучува терминот Македонија, во основа се коси со европскиот принцип на правото на самоопределување на еден народ, а прашањето за името е прашање на народот кој го ужива тоа право. Оваа одлука на Европскиот совет можеби разочарува, но не смее да не наведе на неевропско реагирање, да не обесхрабри, туку треба поцврсто да застанеме на ставот за изградба на сопствена држава. Мора Европската заедница да го разбере секој македонски граѓанин и повеќе да не инсистира на донесената одлука бидејќи таа не е одраз на европските принципи, туку на дневно - политичко пазарење.

Со референдумот граѓаните на Македонија се определија за самостојна и суверена Република Македонија, а ние кои сме избрани од граѓаните на Македонија треба да го потврдиме тоа, односно да ја спроведеме нивната желба за сопствена држава и желбата на нашите предци кои со векови се бореле за сопствена држава.

Слушајќи ги дискусиите на пратениците од националностите во овој момент сите докажаа дека се верни граѓани на Република Македонија и дека заедно со македонскиот народ ќе ја градат македонската држава.

III/8.-

Во потполност ја поддржувам Предлог - декларацијата од заедничката седница на Комисијата на Собранието и предлагам таа да се усвои.

Иако не е на дневен ред расправата за актуелното политичко раководство од одделни пратеници беше доста напаѓано, но сметам неосновано, бидејќи градењето на сопствена држава треба да ги обедини различните политички сили во Македонија. Политичкиот врв ги застапуваше интересите на Македонија и не излезе од политичките ставови кои беа усвоени баш од овој Парламент. Затоа политичкиот врв треба да ја продолжи активноста за признавањето на Република Македонија, а ние поголем акцент да дадеме за донесување на преостанатите системски закони и решавање на актуелните стопански проблеми кои се повеќе притискаат. Не можеме да ги решиме ни внатрешно- политичките проблеми ако не посветиме големо внимание на трансформација и модернизација на нашето стопанство кое живот значи, а тоа зависи во најголем дел од сите нас.

**НАИФ МУСТАФА:**

Еве и јас при крај на 43-та седница на ова Собрание ќе се вклучам во оваа расправа.

Слушнавме безброј укажувања, критики и обвинувања и се друго во суштина не нудат расплет и патоказ како утре, бидејќи не сме самокритички продуктивни, па како што изгледа во служба е на- родната умотвроба - завладај па владеј.

Критикуваме едноумие, а не сме свесни дека се подлабоко се укопуваме во едно безумие. Се повикуваме на име на народот, на име на граѓаните, а цврсто сум убеден дека него и нив не сме ги консултирале поготово за нашиот настап. Благодарност на природата што оневозможила да се врати вчерашното.

III/9.-

Научно е докажано дека големите и добрите говорници се и добри неработници. Народот е сит со нашите демагошки настапувања.

Почитувани колеги, дајте еднаш за секогаш да се договориме како да работиме. Крајно е време и умно да се размисли кој како да настапи. Доста беа партиските ставови кои влечеа на сите страни само не на единство. Граѓаните на ова поднебје, именувана Македонија тоа го чекаат. Тоа име е животен сон. Свесни се дека судбината ги предодредила да си живеат еден до друг.

Убеден сум и не сакам да убедам никого, меѓутоа едно е сосема точно дека софрата не се полни со празни фрази и укажувања. И денес не сум сигурен кој се наоѓа во потешка положба, граѓаните на оваа Република чие е очекување, чија верба е грубо искривоколчена од страна на оние сили во кои тие полагаа и полагаат надеж, и лие во потешка положба чинителите на Европската заедница кои себеси се изневери^е. Право да ви кажам не можам да го разберам сонот на европските господа Геншер, Демиќелис и другите....

IV/CJ/лј/

**НАИФ МУСТАФА:** (Продолжение)

Кои без да бидат влечени за јазик, без број пати тврдеа дека нашата Република ги исполнува условите за меѓународно признавање, и дека е само во прашање денот кога тоа ќе се верифицира и дека нема причини зошто тоа да не се стори и навистина јас уште не можам да верувам дека таа Европа која бара интегрирање, заеднички дом, демократија, соживот, мир, среќа да укажува на еден проблем кој никој не може да го реши, затоа што е свест, етнитет, чувство, но јас сеуште се надевам дека ова не може да биде дефинитивен збор на Европа, зашто ако ова стане дефинитивна стварност тогаш неминовно следат уште две нешта. Се заканува волјата на едните да се наметнат на другите со враќање кон оние на оние политички авети кои што во историјата на Европа се мали, а кои што му нанесоа тешки трауми на многу народи и средини по правило на помалите и послабите.

Второ, не е битен историскиот идентитет на некои на- роди и држави туку дека е битна волјата на посилните со апсурден притисок да го негира битието и историјата на друг етнитет.

Јас господа и самиот сум припадник на оваа заедница, сега погоден и на народ кој е мал и нема голема сила. Морам да се надевам дека Европа нема таква да биде. Дека Европа ќе смогне сили да ја надвладее моментната криза и да се потврдува со укажување на интересите на сите вклучувајќи ги малите народи. Според тоа, тешкотиите можат да бидат наши последици од овој преседан да ги трпиме на економски, политички и културен план, но убеден сум дека ниту вината е наша ниту срамот е наш. На испит падна Европската заедница која ги погази своите принципи и на тој начин му нанесе голема штета на одот кон слободна и Европа без

граници. Наша желба за Европскиот дом кој нуди живот, демократија, просперитет, меѓутоа суровоста на условите треба да се надмине, затоа што суштината на Европа е зајдисонце, а ние сите и Македонци, и Албанци и Турци, и Власи и Роми и други бараме таа Европа да биде дом и сонце на сите рамноправни граѓани и народи без приказни на потчинување на едни врз други. Европа не смее да молчи пред вистината на малите народи, кои имаат желба да се вклучат во заедничкиот европски дом, во Европа без граници.

На крај апелирам до сите граѓани на Македонија за едно единство што ќе значи перспективна иднина, а на нашите врвници да им пожелуваме успех во надворешната политика, а за внатрешната е морална задача и задолжение ние да ја укротиме.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас се определив да го почитувам дневниот ред, па оттука треба веднаш да кажам дека во дневниот ред пишува "информација од Владата во врска со признавањето на Република Македонија", како што можам да забележам таква информација немаме, едноставно имаме еден личен став на министерот за надворешни работи па оттука и никого не треба да зачувудва што се води ваква расправа денеска.

Сакам лично да се произнесам по денешната расправа што се води по информацијата што ја даде министерот. И во склопот на тоа да се осврнам на некои свои видувања. Резултатите од една политика произлегуваат од политичката проценка на состојбите во рамките на сите околности кој таа проценка ја чинат реално. Добрата политичка проценка значи и резултира со квалитет во резултатот. Одлуката на Европскиот совет

во врска со признавањето на Република Македонија говори за квалитетот. Прашањето на името на Република Македонија е исто така прашање на политичката проценка во целиот свој контекст на разврската на југослвоенската криза.

Во однос на името на Република Македонија политичката проценка беше без правиот квалитет, со други зборови или немавме таква проценка или имавме па се надевавме дека ќе минеме срećно , па во таа смисла со одредени потези вршевме додворување кај оние кои треба да не признаат со во стилот, ние сме мал народ, мирољубив, никого не загрозуваме, нема зошто да не не признаете, трпиме и не реагираме кога не навредуваат. Ние ќе ви бидеме крајно благодарни ако не признаете. Тоа е во основа рефренот кој што постојано го слушавме. Додворувањето почна во периодот на донесувањето на Уставот на Република Македонија.

Прво, со неприфаќањето на залагањето на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ да Република Македонија се дефинира како национална држава.

Второ, не беа утврдени симболите на Република Македонија, Македонија во тој Устав и трето, немаше договор за правата и односите кој што треба да се разрешуваат со националностите во Републиката.

Само од овие три факта може да се констатира дека по однос на името веќе во тој период се има резерва односно како да постоеше некоја друга алтернатива. Ние продолживме да се залажуваме сеуште потписот на Уставот не беше исушен ние најбрзоплето го сменивме уставот по барањето на Република Грција сугерирано преку нејзините емисари од Европската заедница. Завршивме секако голема работа со тоа, испаднавме несериозни, потоа на таквото однесување следи и несериозно однесување и одлучување од другите. Кога веќе можеме со Уставот да правиме што

сакаме и дека без некој посебен притисок може да се бара такво однесуваше од нас кое не обезличувва дојде времето да се влезе во финишот да Република Македонија како држава, мислам граѓанска држава во срцето на Балканот со добри комшии, кои многу ја сакаат, со бришењето на името Македонија се алудира нема македонски народ, нема македонска нација, оттука треба да дојде до остварување на други решенија кои дефинитивно би ја избришале од Балканот. Тоа е стратегијата подготвувана од страна на Грција. Ете затоа сметам дека ние доста неподготвени можеби и не искусни влеговме во оваа политичка игра, станавме добитници заради погрешната политичка проценка, а имаше бројни сигнали , очити примери на однесувањето на грчките власти токму и нивната стратегија на непризнавањето на Македонија да се гради, концептот на името. Ние не учествувавме на политичките проценки, нашата одговорност овде ја нема. Нашиот конститутивен пристап во пресудните моменти за Република Македонија во овој парламент треба да се сфатат само како укажување дека политичките проценки не беа соодветни на разните состојби и околности, но заради мир во куќата и спротивно на нашите уверувања нив бевме принудени неволно така да се однесуваме.

Што сега, што понатаму. Компромисите во Републиката и компромисите надвор ја предизвикаа и придонесоа да се донесе оваа одлука на Европскиот совет на Европската заедница за условувањето на признавањето со промена на името. Компромисот беше на наша штета, тоа е евидентно. Македонците имаат свое име, со векови, и немаат намера ниту на ум им паѓа да си го променат своето име, таков човек во Република Македонија ретко ќе може да се најде, најверојатно и ги нема. Со Република Грција може дијалог само како држава Република Македонија и никако

поинаку. Ние остануваме да живееме со нашето име. Оттука нашата цврстина мора да резултира со променма на Уставот на Република Македонија и со усвојување на вековите македонски симболи за симболи на Република Македонија.

Одговорот на декларацијата на Европскиот совет претпоставувам дека мора да биде достоинствен како што името наше македонско е достоинствено. Никој нема право да преговара или да внесува било какви контакти за разговори на тема името на Република Македонија. Треба да продолжиме да во договор со сите на овој парламент ја засилиме активноста за нашето признавање. Никој нема право да го спречува со збор или дело признавањето на Република Македонија, а најмалку оние кои што си зедоа за право да одлучуваат за нашето име. Ова право е злоупотребено од Европската заедница и е неприфатливо во делот за името.

Ние, морам да кажам ја знаевме на одреден начин одлуката на Европскиот совет на Европската заедница и пред седницата од 27 јуни, само Европскиот совет не знаеше дека ние немаме намера никогаш да го мениме името. Оваа седница долго време сметам дека ќе биде предмет на оценки и коментари во тоа треба да бидеме сигурни сите. Уште многу работи можам да кажам, меѓутоа, сакам само да укажам на едно дека од оваа говорница не треба да се користи за напади на одредени политички партии, конкретно врз ВМРО-ДПМНЕ бидејќи не е функцијата на оваа говорница за таа намена. Говорницата треба да се користи за политиката која што треба да ја гради Републиката, а партиските работи се проблеми на состаноци и на конгрес.

IV/6.-

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

По повод излагањето на министерот за односи со странство веднаш на почетокот сакам да го изјавам следното:

Прво, изразувам протест што ислушавме негов личен став, а не мислење или експозе на Владата.

Второ, оставката е личен и морален чин на поединецот и тука Собранието нема никакво формално или сугестивно право за менување на таа одлука. Инаку, и тоа ќе испадне чиста трговија.

Трето, што се однесува до изборите за тоа еднаш веќе одлучивме и кажавме што е потребно за да ги распишеме.

Четврто, ако оставката на господинот Малески, е причина за доверба на Владата тогаш за се друго што се случило во Македонија навистина сме политички далтонисти.

Не верував дека после агонијата што ја преживуваме од моментот на вклучувањето на Европската заедница во разрешувањето на кризата во Републиките на поранешна СФРЈ од седница до седница на Министерскиот совет на Европската заедница, а посебно по последната декларација за Југославија на Европскиот совет на Европската заедница усвоен во Лисабон на 27 јули 1992 година, макар и еден македоенц со род и државјанство не се чувствува навреден, понижен и повреден. Конечно Европа ја покажа својата недоследност, лицемерност и дволичност, пред се со делот на Декларацијата кој бара промена на името на Републикава без употреба на терминот Македонија. На овој начин по втор пат а по притисок и барање на Грција Европа и направи историска и цивилизациска неправда на Македонија, со што покажа пред целиот свет дека ги гази сопствените принципи, а го поддржува грчкиот институционализиран и простуиран шовинизам, расизам и фашизам. Впрочем, историските претпоставки, традиционалните пријателства на првата и втората светка војна,

интересните сфери и трговските зделки сами по себе зборуваат дека Европа поинаку и немаше да одлучи барем да се надеваме засега. :

Таа иста Европа во 1913 година ја подели Македонија и ги подели нејзините граници, ја распарчи и подели во четири држави создавајќи услови за геноцид врз припадниците на македонскиот народ и во Албанија, и во Бугарија и во Грција и во Србија со последици кои се чувствуваат дека се присутни и денес.

Оваа 1992 година, таа иста Европа и го менува или се труди да и го промени името и идентитетот на државата Македонија. Авантурата во која може денес Европа пот притисок на Грција да вплови сакајќи д го промени името на остатокот од поранешната Македонија и името на македонскиот народ не е ништо друго туку вовед во нови трети балкански војни, но се плашам и нова светска војна.

Ако Европа на ваков начин му удира шлаканица на мирот во овој регион на светот предизвикувајќи ја војната, безбедноста и стабилноста на Балканот, нека се пристени на ужасите и страдањата на Европските народи и нации во втората светска војна и нека со своите постапки тоа нека не му го посакува на Македонија, Македонскиот народ националностите кои живеат во Македонија, сите граѓани кои живеат во Македонија и на Балканот. А ние што ги заборавиле познавањата за историјата на Балканот и Македонија должни се предрасудите, заблудите и фрустрациите да ги преиспитаат со повторно читање на страниците на историјата на Македонија и за Македонија.

Инаку, историјата и вистината за Македонија е само една, единствена и никој нема право да ги менува за да ги правда своите историски грешки, аспирации и зло дела.

Македонија и покрај се направи преседант, утврди уставни гаранции за немање територијални претензии према соседните земји, помеѓу договори за пријателство, неповредливост на границата, за соработка^ за-добрососедство и не напаѓан>е, меѓутоа за некои тоа не беше и не е сеуште доволно. Македонија и ние како парламент со Уставни амандмани градивме уставни гаранции дека немаме територијални претензии према соседите но со пригушен револт, бидејќи тоа ни се наложи со ултимативен диктат. Со самото тоа на Македонија однапред и се придаде улога на агресор. Таков ултимативен однос меѓу народната заедница досега имала трипати. По завршувањето на првата светска војна во 1919 година во Версај на Германија земјите победнички и забранија да има војска и да не може да војува. На Австрија по завршувањето на Втората светска војна земјите победнички и наметнаа државен договор чии потписник беше и поранешна СФРЈ наместо Устав со кој и забранија да има територијални претензии;

И трето на Јапонија по второта светска војна на која со капитулацијата сојузничките победнички земји и наложија да нема офанзивна војска и да не смее да војува. Во рамките на тоа Македонија никогаш немала, нема и нема да има територијални претензии ниту према Албанија, ниту према Бугарија, ниту према Грција, ниту према Србија, за што територијални претензии може да има некој само према туѓото а не сема своето и сопственото. Имајќи го во пред- вид сето ова членките на Европската заедница,членките на ЌЕБС и членките на Обединетите нации, имаат морална историска и цивилизациска обврска и пред себе си и пред меѓународната заедница поединечно и веднаш да ја признаат независноста на Македонија, бидејќи Македонија ги исполни сите услови кои токму таа иста Европа ги постави. На крајот на краиштата Македонскиот народ не

IV/9.-

верувам дека веќе никој со ништо може да го плаши и исплаши. Понатаму, а тоа ми е у конкретен предлог навистина после сето ова што го изнесовме од оваа говорница ние мораа да закажеме под итно посебна седница на која ќе расправаме за надворешната политика на Македонија, иако и денес поголемиот дел од расправата почнува и завршува со тоа бидејќи се се сведува на овој епилог, односот на Европа кон Македонија, Македонското прашање позицијата на Македонија на Балканот и во светот. Нас секогаш критиките не треба да не плашат, ние мора да градиме единство, но единство преку разлики, и различни позиции, аргументирана расправа и дијалог. Нам ни најмалку не ни треба вештачко единство кое во секое време може да се сруши како кула од хартии. Скоро го блокиравме овој парламент одлагајќи многу седници и многу прашања. Системските закони сеуште не сме ги донесле иако рокот 20 мај помина. Со државните симболи направивме циркусијата, па лавот го направивме бугарски, а сонцето грчуо. Министерствата за внатрешни работи и одбрана, војуваат за војните станови, општествениот капитал се разграбува, се легализира непочитувањето на законите како изговор за нови закони, уредувања и нови односи, се бојкотира попис, не се почитува правната држава. Одлагаме се и сешто само за да не се испокараме. Само некој да не го напушти Собранието, не отварајќи ги докрај картите за сите отворени и актуелни прашања, да не нападнеме некого или да не ги согледа некој макар и нашите разлики од сеница до седница на министерскиот совет на Европската заедница очекувајќи дека може би ќе доживееме признавање.

V/1/ЛК/ОМ

**ТОДОР ПЕТРОВ:** ( Продолжение)

Често пати во такви моменти свесно го суспендиравме и правото на збор на пратениците, а:сите знаевме дека нешто не чини, нешто не е во ред и виси во воздух, а не притиска сите подеднакво. Затоа, јас ќе изразам одредена резерва и несогласување со одредени ставови во поглед на надворешната и внатрешната политика што се нуди и практикува од надлежните институции. Несомнено дека надворешната политика е експонент на внатрешната политика, а какви се гафови досега сме направиле, не би зборувал сега туку на посебна седница кога треба да направиме опстојна анализа за состојбите на внатрешната политика и нејзините импликации врз вкупната состојба и надворешната политика. За мене воопшто не е ни чудно што расправата и ја прошируваме, бидејќи за се штос е случува во земјата, па и за надворешната политика пратениците се најнеинформмрианите граѓани во оваа држава, наместо обратното. Во Деловникот на Собранието е утврдено дека пратениците имаат право да бидат известувани, т.е. право на известување и право на редовни и псотојани информации за сите прашања, области и состојби во државата, што не ги добиваме редовно. За тоа сме виновни и самите бидејќи сами воспоставивме и прифативме една таква практика. Така, пратениците скоро и не добиваат никакви писмени информации од посети во странство од Владата и претседателот и посети на странски држави и странски делегации и државни делегации на Македонија, како да не станува збор за надворешна политика на држава туку за приватни прошетки и екскурзии. Кога Македонија ја направи првата државничка посета во странство т.е. во Турција, на барање да се поднесе писмена информација претседателот на Собранието одговори дека претседателот на Македонија веќе дал информација за средствата за јавно информирање и затоа веќе нема

потреба и пред пратениците, што значи како највисок орган на власт не бевме удостоени и како обично средство за јавно информирање, а никој не бара стенограми туку краток извештај за текот на разговорите и резултатите од тоа, па и од чиста куртоазија

Европа веќе шест месеци зборува за името на државава. Ние ниту еднаш во овој Парламент за текот на преговорите на конференцијата за Југославија скоро да сме и целосно и неинформирани. Кога на 28-та седница на Парламентот носевме Декларација во врска со Декларацијата за критериумите за признаваше на нови држави во Источна Европа и во Советскиот сојуз, усвоена на 17 декември 1991 година, од Министерскиот совет на Европската заедница во Брисел,,усвоивме став во точка 3:

"Македонија го прифаќа Нацртот на документот на конференцијата за Југославија во Хаг а тој документ макар во превод се до ден денес воопшто и не го добивме од Владата кај нас пратениците. Министерот за односи со странство не убедуваше дека последниот став од Декларацијата за Југославија за името на една југословенска република не се однесува на Македонија, што се покажа за неточно. Завчера дури по инсистираше во 12 часот кога почна седницата, во 10,00 часот го добивме преводот од делот на Декларацијата на Европската заедница од 27.об.1992 година кој се однесува само на Македонија. Мислам расправаме за некој документ, а преводот на тој документ од органот кој го донел во оригинален превод го немаме при рака. Еден за мене крајно потценувачки однос спрема пратениците од страна на Владата и надлежните министерства.

V/3

Од средствата за информирање дознавме дека во Парламентот се појавиле два предлога, еден од господинот Малески, еден од Владата. Се поставува прашање зошто. Дали тоа покажува дека во таа Влада има внатрешна некоординпраност? За мене би кажал срамно и бедно. Затоа и не треба да не чуди што вчера чувме лично мислење на господинот Малески, а не експозе на министер за односи со странство од името на Владата.

Завчера на трета страница во"Вечер"прочитавме еден грозен текст кој уште на почетокот вели: "Добро е што министерот за надворешни работи на Велика Британија го најави своето доаѓање во Македонија за 18 јули, им стави доволно време на нашите политичари да си ја смират главоболката, да се помират со непријатниот факт дека "С" нема да не признае додека не прифатат да разговараат и за промената на името и да ги потиснат емоциите во прилог на едно потрезвено гледање на работите". Би рекол каква дрскост и безобразлукт! Па зарем името Македонија е главоболка на овој Парламент? Заради самите себе си како пратеници, макар за се друго да сме најплуканите граѓани за се во оваа држава и од секого додека сме тука. И како шлаг во обланда на средина меѓу редовите во текстот написот "Суоми'5Финланд" Можеби финците Финска ја викаат Суоми, како и грците Грција Елада.

Невкусно и подбивно избран пример зошто Македонија за разлика од сите и се друго македонците од секогаш си ја викале Македонија и зошто Македонија на македонски јазик, освен Македонија по инаку не може и да се изговара, ниту се викало.

И не е битен авторот на текстот, битно е што такви независни и непристрасни пишувања што се експонент на нечија политика, сигурно не македонска ги плаќа оваа држава од својот буџет, кој ние како пратеници го донесуваме.

Грозна беше и насловната страна на завчерашната "Нова Македонија", независно колку и да е напаѓаме Европа, кој и зошто тоа ни го прави, наместо МИА ние добивме МАКПРЕС и упорно за тоа си молчиме, иако донесов»ме Закон за агенција која треба да ја афирмира оваа Република.

Но во политиката ама баш ништо не е случајно, па и овој циркус овде. Изјавите на Владата и претседателот на Македонија по повод декларацијата повторно иритираат Владата вели:"Само народот на Македонија има право и може да одлучува за своето сопствено име". И на претседателот - "Ние треба јасно да ја означиме сопствената позиција -на Република Македонија во однос на ваквиот предлог содржан во Декларацијата на Европската заедница. Став за тоа мора да се донесе по мирен и демократски пат со почитуваше на правото на граѓаните на Република Македонија да одлучат за тоа".

На ова јас би го додал следното: Никој, па да бара и од народот и од граѓаните нема право да прејудицира референдум по ова прашање, бидејќи е на крајот од здравиот памет. Никој нема право да го менува вековното македонско име, ни јас ни било кој друг нема право да ги превртува коските на нашите предци на стотиците и илјадници македонци, и не само македонци по етничка притпаднсот кои ширум цела Македонија загинале за слободата на Македонија и оваа Македонија. Зарем повторно ќе ги будиме духовите на Солунските атентатори. Силно сум потресен од секојдневието во кое полека некој се труди да го промени македонскиот јазик и придавката македонски, македонско, од именката Македонија, да исчезне од секојдневната комуни кација. Се плашам од соднародување, денационализаторство и раѓање на еден нов феномен на крајов на 21 век, создавање покрај муслиманската

нација и на една нова граѓанска нација. А затоа да не заборавиме ние сите заедно, независно од етничкото потекло и припадност во Македонија ја градиме македонската нација.

Исто така не можам, да не ја прекоментирам едно крајно опасна расистичка теза која во последно време се поинтензивно се пласира во средствата за јавно информирање, а која се следува на следното. Цитирам: "Ние не сакаме да ја узурпираме грчката историја заедно со Александар Македонски. Ние сме словенски народ кој на оваа територија дошол во шестиот век, па поради тоа не сакаме да го узурпираме Александар Велики. Ние имаме сопствена историја. Ние веќе со векови живееме во областа што се нарекува Македонија и дека со текот на историјата сме се идентификувале како македонци, сме започнале да се нарекуваме македонци за да дадеме јасно до знаење дека не сме ни срби ни бугари, иако сме словени?. Или, цитирам: "Името Република Македонија го носи веќе половина век, според тоа не станува збор за ново име", или " ни се бара да измислиме име кое нема врска со територијата на која живееме и со нашата историја".

Никој не го негира доаѓањето на словените во шестиот век. Ако некој мисли за себеси дека неговите предци се Словени, и тоа е вред, Но никој од било која позиција нема право и би повторил, ама апсолутно воопшто неам никакво право од тоа да гради државна филозофија, историска вистина, одземајќи им го правото на оние кои сметаат дека се само македонци од македонско потекло. Впрочем, никој веќе со сигурност не може да докаже како се мешале и асимилирале народите на овие простори и колку што грците мислат дека имаат право на античката историја, исто толкаво право на таа античка историја имаат сите останати народи што живеат на овие простири. За мене денес постојат само македонци и целосно ја отфрлам тезата за Славомакедонците панславизмот, југослвенството. Воопшто не е

точно ни тоа дека оваа држава го носи името Македонија ја само половина век и тезата дека името Македонија е основа за името на еден народ, македонски народ, што е најблиску до тезата дека сме сталинистичка измислица. Точно е и тоа дека ние не можеме да извлечеме државно правен континуитет од времето на Александар Македонски, од времето на Цар Самуил, но тоа не значи дека името Македонија го носиме половина век, бидејќи името Македонија вековно е нераскинливо поврзано со името на македонскиот народ и луѓето кои живеат на овие простори. Колку што Македонија може да извлече државноправен континуитет од времето на Александар Макдонски, толку и Грција може да извлече државно правен континуитет од античките полиси-држави и Александар Македонски е толку грк колку што Гоце Делчев е бугарин во грчката односно бугарската квази-историја. Нека се присетат грците колку пати македонците војувале против нив и биле поробувани, а тука не е наодмет да се спомне дека новогрчкиот јазик нема врска со старогрчкиот јазик. Непризнавањето од страна на Грциеја е непримерно на некој кој за себе си го придава епитетот лулка на демократијата и цивилизацијата. Меѓутоа, не дозволена е и нашата аргументација односно недоволна аргументација и недоволен офанзивен настап во дипломатските односи.

За Македонија и македонското прашење има само една вистина- Затоа , смешно беше напрегањето на министерот за надворешни работи на Русија господинот Козирев докажувајќи дека сме братски словенски народ и дека Македонија напишана на смакедонски и грчки јазик не е исто. Зарем целта на посетата беше тоа или сме дел од руската интересна сфера на влијание спрема Медитеранот по приклучувањето на Бугарија и Албанија во НАТО-пактот. Зарем не можеше да се искористат историските вистини од кога почна процесот на асимилацијата и геноцидот, денационализацијата и ропството врз македонците во Грција, Бугарија и Албанија; прекрстувањето

на македонските имиња и презимиња и топонимите на грчки јазик во Беломорска Македонија од 1912 година опа наваму. Зарем грците не се сеќаваат дека границата со Македонија до 1913 година пред поразот на Турција во Првата светска војна била до планината Олимп. Денационализаторската поли- тика од времето на Венизелос, во 24 година во Беломорска Македонија донесени се стотици и илјадници Понди, тукофонско население од Источна Тракија, Кавкас и Понтос за асимилација на македонското доморoдно население. Законот за забрана на употребата на македонскиот јазик под диктаторот Јоанис Метаксаз во 38 година. Колку жртви однесе граѓанската војна во Грција од македонскиот народ! Прогонот на децата бегалци кои се живи сведоци во Македонија организирани во три здруженија. Раселувањето на македонците низ целиот свет и страшната пропаганда што ја прави и Грчката влада и Грчката православна црква. таѕвата полиитка и активност е префрлена и меѓу македонците во целиот свет. Колку македонски цркви во Грција до денес се уништени! Се уште не сме го заборавиле времето на вадењето визи од Грчкиот конзулат кога легално се вршеше терор и обавештајно субверзивна активност од Грчкиот конзулат врз македонците во Македонија. До пред 10 години името Македонија во Грција беше избришано, а самите македонци во Грција беа нарекувани Булгари. О0д:л:каде сега еуфоријата па името Македонија се лепи на се и сешто?. Сите грци станаа Македонци.

Тезата дека Беломорска Македонија за Грција е исто што и Газиместан за србите, по предлогот за грчко - српската конфедерација и заедничката грчко - српска граница како вековен српски сон е со препознатливо сценарио. Меѓутоа , и покрај се, македонците се со широко срце и отворена душа и затоа признавањето на Македонија со уште

поголема обврска треба да го направи токму Грција, претворајки го Грчкиот конзулат во Скопје во Амбасада, укинувајќи ги визите, отворајќи ја границата за слободен проток на луѓе, идеи и капитал и потпишувајќи ги понудените договори за соработка, ненапаѓање, добрососедство и неповредливост на македонско - гачката граница, зашто на тој начин во Македонија ќе добие добар пријател и сосед. Досегашните илјадници пријателства ќе се зацврстат и прошират, но и заради фактот што сепак патот на Грција за Европа води преку Македонија.

На крајот; се залагам за следното:

- неутрален статус на Македонија, политика на еквидистанца спрема сите соседи и земји, политика на потполн:реципроцитет со секоја држава само суверена,самостојна и независна држава Македонија како меѓународно правен субјект може да биде гарант на мирот на македонскиот народ, националностите кои живеат во Македонија и сите граѓани во Македонија, и гарант на мирот, стабилноста и безбедноста на Балканот и овој дел на Европа.

Понатаму, национално помирување и цивилизациско вреднување :на патриотизмот за своето и сопственото Македонија.

Шесто, обединување на сите македонци од цела Македонија и целиот свет.

Седмо, свикување меѓународна конференција под покровителство на Обединетите нации за македонското прашање и за Балканот.

Осмо свикување светски македонски Конгрес.

Деветто, доставување барање з,а членство до Обединетите нации и сите други меѓународни органи, организации и заедници Чии што правен наследник на поранешна СФРЈ стана Македонија.

И непроменливост на вистината, Македонија и македонскиот народ, националностите кои живеат во Македонија и граѓаните на Македонија нема никогаш под било каков притисок и од било чија страна да го променат своето вековно име Македонија. Македонија никогаш не била, не е и нема да биде Грчка. Македонија била, е и ќе остане само македонска.

Предлагам, а што сметам дека е грешка бидејќи другите партии и здруженија во Републиката не беа повикани претседателот на Републиката да ги свика или на Собранието и после донесувањето на Декларацијата да пристапат кон потпишување на текстот на Декларацијата. критиките нека сепак и од моја страна изречени нека не се сфатат во контекстот, дека се бараат нечии глави. Се уште верувам дека вештината на критикуваните е во мудроста да извлечат поуки и чекори за понатамошна активност, за да не испадне дека сите други се виновни заради непризнавањето на Македонија. Исто какао што тоа го прави Милошеќевиот режим, виновен е светот што Србија е изолирана, а не политиката на Милошевиќ кој ја изолирал Србија од светот.

За декларацијата не се согласувам во целина затоа што одделни ставови се извлечени од погрешни тези кои не се во согласност со она што го кажав и во текот на седницата ќе поднесам амандман.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Почитувани пратеници, пред да почнам да дискутирам чувствувам една голема потреба на господинот Петров да му се заблагодарам за тие убави пароли и предлагам тие пароли да ги користиме во иднина на разни митинзи, со тоа што некои пароли што ги прочита за националностите да ги чува во џеб, бидејќи не се однесуваат за нас

V/10

А тезата за обединуваше на македонците од сите земји на светот пак некако тоа како личен став бидејќи и тоа не е во согласност со нашите односи што сакаме да ги градиме тука.

Мојот впечаток е дека расправата по Декалвацијата на Европскиот совет нема да ја постигне целта бидејќи седницата повеќе  личи за агитација на предвремени избори или обид да се докаже која политика била сосема неуспешна, а која ќе беше успешна и ќе вродеше плод.

Критичарите на сегашната политика досега ја форсирале политиката на градење на држава врз принципите на национална припадност, а тоа значи градење на национална држава како прв степен за градење на принцип на национал шовинизам кој ќе владее во таа држава. лично сметам дека политика врз такви принципи не само што не може да биде успешна туку таа од својот почеток ќе биде осудена на пропаст немам никаква намера да бранам индивидуални ставови бидејќи сметам дека надворешната политика на Македонија се градела дел во Парламентот и дел во Владата на Македонија. Мислам дека има доста пропусти во работата на министерот за односи со странство но никогаш не би се согласил дека таквите пропусти биле од одлучувачки карактер за државата.

Имам потреба уште еднаш да го повторам мојот личен став  дека голем дел во промашувањето на надворешната политика на државата имаат и одредени членови на Владата, вклучувајќи ги тука и премиерот Кљусев и потпретседателот Блаже Ристевски. Ако сме свесни дека министерот е член на Владаа, тогаш во никој случај не може да се зборува за промашување од страна на министерот, а да се оправдуваат хипотезите на Владата, особено на внатрешен план. За мене зачудувачки факт е што

во денешната расправа се однесуваме како моќна голема држава, дозволувајќи на себе си да градиме национал романтизам, основан врз закани кон Европскиот совет и Европската заедница.

Од тука, во дилема сум дали некој денешни дискутанти наместо го употребиле зборот "отфрлување на Декларацијата" или подобро би било тие да се изразат дека не ја прифаќаат истата, затоа што тој што е немоќен на економски воен план нема можности да отфрли одлуки или декларации туку само може да не ги прифаќа истите. Лично сметам дека удел во непрпзнавањето на Македонија е и алтернативната политика која е водена од страна на државните институции на Републиката,  на една страна п на политиката што ја водеше ВМРО на друга страна

VI/1/сс/см

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ**: (Продолжение)

Ова го велам од причини што тие два принципи на водење на политиката се во дијаметрална спротивност една со друга. Националната партија на македонците во сите сфери на живеење, па и во однесувањето во Парламентот, секогаш градеше политика на геноцид над другите а првенствено врз албанците, додека официјалната политика се обидуваше да гради политика на релативна рамноправност на граѓаните на Македонија.

Сите тие што денеска се обидуваат да најдат слабости во официјалната политика на државата го заборавиле фактот колку тие придонеле за непризнавањето на истата. Сметам дека е чиста демагогија да се повикуваш на Европа од една страна, а од друга страна да градиш национал - шовинизам во внатрешните односи во Републикава. Само да се потсетиме дека Европа не толерира политика на дискриминација над другите. За Европа градењето на држава врз национални или националистички принципи веќе е реликт на минатото дека градењето на државата врз граѓанската рамноправност е тоа што не води кон иднината. Илузија е денеска да се збори за голема демократска традиција на европски земји ако таа традиција не се засновува врз почитувањето на рамноправноста на граѓаните без оглед на нивна бројност, национална припадност или вера.

Тргнувајќи од тоа, денеска повеќе може да зборуваме за европски интереси во европски интереси или региони во Европа, а не за вистински намери или вистинска демократија. Признавањето на една земја, длабоко сум убеден, не зависи воопшто од големите политичари, туку од големата економска и воена моќ на земјата. Дека некои наши несредени внатрешни односи придонесувале за одлуката за непризнавање на Македонија, неколку пати сум рекол а чувствувам за потреба да го кажам и денеска,

Само да ве потсетам дека токму националната партија на македонците беше категорична во тоа да изградиме држава на народ кој ќе биде газда и дража на слуги а тоа ќе бидат националности- те. Сметам дека чиста илузија ако некој мисли дека ако користејќи го правото на самоопределување на народите некоја национална политичка партија на Македонија ќе ги земе под мишка албанците и ќе стори сојуз или како што рече некој воздушна конфедерација, или ќе се обединува со некоја друга држава, во која Албанците не би сакале да живеат.

Уште еднаш истакнувам дека принципот на заедничка држава е долготраен принцип и принцип прифатен од страна на сите граѓани на Македонија без оглед на нивната националната припадност. Додека тие кои упорно настојуваат во државните симболи, грбот, знамето и химната да вградат национални белези и системските закони да имаат национална боја нема да стигнат многу далеку во градењето на државата и нивните напори ќе се осудат на пропаст. Ова го велам од причина што напредната и цивилизирана Европа, како што ние ја нарекуваме сега во своите редови никогаш не примила и нема да прими национални држави кои ќе се повикуваат на зурли, тапани, лавови и секоја врста друг фолклор.

На крајот, уште еднаш да го повторам тоа што сум го рекол, никогаш нема да има успешна надворешна политика ако во одредени министерства нема претставници на националностите и ако Владата упорно настојува тоа да го спречи. Особено тоа важи за некои витални Министерства, а во тие витални министерства го сметам и Министерството за односи со странство.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Пред да ја почнам мојата дискусија за предметот што го имаме денеска би сакала накусо да се осврнам на дискусијата на господинот Халили пред мене.

Сакам да се обратам директно до припадниците, пратениците од албанска националност и да ги замолам заедно да пробаме да не ја направиме и ние во Р.Македонија истата грешка што ја правеше бивша СФРЈ и бивши СССР. Сите граѓани во реторта и таму еден сив продукт - безличен граѓанин. Видовме како тоа заврши.

Сакам да ги уверам, како припадник на една национална партија дека за нас, во Македонија е драгоцено богатство секој и најмал ентитет што живее тука. Секој треба да ја развива и негува својата боја и своите карактеристики. Само така можеме да бидеме здрава и хармонична целина. И, да не заборавиме ако не им биде добро на Македонците, не може да им биде на Албанците. И ако не им е добро на Власите, Албанците, на Ромите, не може да им биде добро и на Македонците.

Јас сум благодарна денеска кои не поддржаа во поддршката на нашиот идентитет, бидејќи денеска се работи за нашиот идентитет. А, за симболите, сакам да ве предупредам дека има битна разлика меѓу нашата и вашата позиција. Дека македонскиот народ само на ова парче земја може да ги оствари своите и национални и политички белези. Да не заборавите, ние немаме на кое друго парче земја да ги оствариме. А, без нив гледате како поминуваме. Името и белезите се се. Во тоа можеме да се сложиме со господинот Мицотакис.

Кон мноштвото гласови, синхрони во протестот против Лисабонската декларација чујте го гласот на еден македонски уметник кој гостувал во земјите на бившите Советски сојуз или во Париз но не можел да настапи во Грцијаили во Бугарија.

Го живееме најголемото понижување како македонци деновиве. И тежината што легна на душата нашиот народ е огромна. Европската заедница кон која се стремевме како кон заедница на демократијата на

високи цивилизациски културни норми и економска благосостојба ни нанесе страотен низок удар. 1200 години живееме на овие простори. Со љубов сме граделе цркви, сме обработувале земји, сме се сродиле со името Македонија и битието македонско. Јазикот на словените од овие простори влегов во основата на писмениот јазик на писмените словени: Бугарите, Полјаците, Русите. За тоа сведочат првите зачувани споменици од сите словенски земји. А, првата држава на Балканот се формирала токму на овие простори.

Народ без име нема право на своја дражва. Зошто му е посебна држава на народ ако тој не е посебен народ, т.е. нема име свој посебен менталитет, култура, карактеристики. Но, свеста на народот е историски условена. И, ако е така, дозволете ми да направам една дигресија за која мислам дека навлегува во суштината на оваа несреќа што не снајде.

Дваесеттите години на овој век во селата и градчињата на Северна Грција дојдоа грчки чиновници кои ги присилија славо- македонците да ги сменат имињата, ги прекрстија и луѓето и нивните села и градови. Оние што не можеа да го изговорат добро своето име или не им звучеше име, бара други. До ден денес тоа население има дупли имиња, едно за домашна, друго за јавна употреба. Овој услов да се откажеме од името беше перманентно отворено и перманентно одвиван од македонците бегалци од Грција кои претпочитаа да умрат во далечниот Узбекистан но името свое не го даваа. Така, тоа што Грција го прави со секој поединечен граѓанин од македонско потекло во Грција, сега го прави со целиот наш народ.

VI/5

Надежта дека ние македонците ќе го дигнеме својот глас на човечките права на нашите браќа која се роди во НОВ беше грубо удушена Со, како што се изрази неодамна во една контактна емисија на Телевизија една наша учесничка од НОБ "релативно лесната ликвидација на околу 400 души, со тихата ликвидација на првиот македонски претседател, со струмичките студенти, со распишувањето на дечињата бегалци низ целиот свет и многу, многу безимени жртви. Нашата власт не забележа дека со раѓањето на новата Народна Република Македонија паралелно одеше убивањето на душата на македонството.

Дефинитивно надежта за човечките и права на нашето малцинство во Грција се сруши со потпишувањето на срамниот договор меѓу бившата Југославија и Република Грција во 1953 година потпишана од Тито. И, така се создаде ситуација во која за грчката држава е при- родно и прифатливо газењето на еден цел народ до негово згаснување, додека пак Македонците беа воспитувани во духот на една исчашено . сфатена толеранција и интернационализам во кој беше прифатлив дури и геноцид на деловите од сопствениот народ и прифатлива и практично политичката немуштост на Народна Република Македонија во рамките на бившата СФРЈ.

По мене тоа се корените на позицијата во која што се најдовме. Што сега да правиме? Прагмата наметнува ситуација која бара замрзнување на се што било, ставање точка и отворање нови перспективи.

Но, грев на душа си става денеска секој кој на оваа говорница ќе го изговори зборот национализам и исто таков грев си става оној кој го оптужува за нечесни намери, ја оптужува другата страна, водењето на државната политика.

VI/6

Лично и едните и другите ги отфрлам. Движечките сили на духовната се со голема сила и историски условени. Еден човек не може ни да ги активира ни да ги сопре, па дури ни Европската заедница. Затоа, мојата верба во победа на вистината е голема.

Да се обратиме до грчката напредна демократска јавност, знаеме дека таа постои и во име на вредностите со што стара Грција го задолжи целото човештво да го дигне својот глас против политиката на Мицотакис која е спротивна на законите на цивилизацискиот развој и ги негира универзалните закони на акултуризацијата во крајна линија на најголема штета на самата Грција.

Ние да ги збиеме своите редови, да се организираме до максимум. Тоа ни е една од најслабите точки во нашиот словенски менталитет. Ова што не снајде е на етнички, надпартиски сенроден, државен проблем. Оваа несреќа не засега сите до еден. А, при голема несреќа фамилијата си ги збива редовите. Сме тоа што сме, и наместо да ја губиме енергијата во меѓусебно обвинување да формираме со сепартиски консензус едно тело што ќе ги разработи и помогне во практична реализација и организација патиштата за понатамошна борба за светата цел - Признавањето на самостојна и суверена Република Македонија под името што си го носи со векови. Идентитетот е виталитетот на една држава, како што човек има право на живот и на- родот има право на живот.

Молам, претседателот на Републиката, претседателот на Владата, сите партии, партиските лидери да се придружат кон овој апел, да ја повикаме и нашата црква која беше заштитник на македонскиот идентитет со векови и сите граѓани на Република Македонија да дадат поддршка на еден сенароден собир за време на кој ќе бијат сите црковни камбани ширум Македонија и ќе се собираат потписи на признавањето на Македонија од Обединетите нации.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Кон крајот на месец јули минатата година, во една своја реплика овде до господинот Тито Петковски, сегашен потпретседател на Собранието, кога на сите ѕвона ја фалеше Европската заедница, со сите тие нејзини позитивни прокламирани ставови и заложби, јас овде му реплицирав и кажав дека не треба никогаш да се залажуваме, туку треба да учиме од историјата зошто сите лекции во историјата што не сме ги научиле можат да се повторат. А, секогаш кога ќе се повторат грешките повеќе болат.

Во тогашната моја реплика јас покажав една карта објавена во Францускиот весник "Либерацион" каде што тогаш имаа изготвено некоја поделба на бивша Југославија на три дела, а Македонија воопшто не беше ставена ниту фигурираше во тие три дела.

Една година подоцна, значи сега, во врска со Декларацијата на Европската заедница, јас предлагам таа декларација наполно да ја отфрлиме од причини што не сакам ниту ЕЗ ниту било кој друг да биде гарант за нашите граници, како што тие велат, бидејќи сум на мислење, дека гарант на нашите граници може да биде само македонска војска, македонската полиција и граѓаните во Македонија. ЕЗ беше гарант на границите во Хрватска и БиХ, па видовме што се случи со тие две републики. Дали воопшто тие две републики сега ги контролираат своите граници.

Би сакал да кажам збор- два за таа иста ЕЗ. Каква е таа заедница која не ги почитува своите одлуки на сопствената Арбитражна комисија специјално формирана за разрешување на кризата во бивша Југославија. Доволно зборува каква е таа заедница и со каква сериозност им престапува на проблемите. Самата таа ЕЗ ги прекрши основните свои норми и постулати. Конкретно, Европската конвенција за човечки права, односно членовите 6 и 25 од истата кои членови претставуваат протесни услови за

одговорноста на Европа кон нашето признавање. Како и член 10 од истата Конвенција како еден од материјалните услови и уште една потврда за одговорноста на Европската заедница за нашето непризнавање. Постапувањето на ЕЗ од сопствените принципи и конвенција е опасен по мене преседан со далекосежни последици по самата ЕЗ. Понатаму, што значи договорот на господата Мицотакис и Митеран, двајца водечки лидери на две земји во ЕЗ каде што они јасно истакнуваат дека ЕЗ е повеќе заинтересирана за 10 милиони грци отколку за 2 милиони македонци. Дали тоа не значи реставрација на расизмот, на апартхејдот и конечно на фашизмот во истата таа ЕЗ. И дали не треба останатите членки на ЕЗ, тука мислам на Грција, на Англија, на Франција, дали не треба да се угледаат на една Германија, која успеа да да се извлече од таа тешка болест по мене нацизмот и фашизмот. И конечно дали таа ЕЗ или поедини нејзини водечки членки не ја имаат во себе психологијата на криминалецот односно Македонија според нив треба по секоја цена да се featuresнереди, подели и уништи во крајна линија за да не ги потсетува како крунски сведок на злосторството што во 1913 година, односно Букурешката делба на Македонија која делба беше направена под директно покровителство на истата оваа Европа.

Што се однесува за Република Грција факт е, а ќе потврди и времето дека Република Грција ја пропушти можеби историската шанса да ги испере своите гревови почнувајќи од 1913 година, кога со благослов на таа Европа ја распарчи Македонија, за прогоните на Македонците за цело време од распарчувањето на Македонија, па се до ден денешен.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:** (Продолжение)

За геноцидот што во 1948 година го направи што е единствен пример во повоена Европа, геноцид на Европска територија и конечно 30 илјади раселени деца по сите источни земји истата таа 1948 година кои, по мене, се совест на истите тие европски земји, а пред се, на Англија, со чии авиони и со чија војска се рушеа македонските градови и села во Егејска Македонија и се вршеше невиден геноцид врз македонскиот народ

Јас уште пред една година тоа го кажував овде на оваа говорница дека немам верба во оваа Европа и во тие нејзини главни конститутивен членки.

Мислам дека со ваквиот сегашен недефиниран статус на Република Македонија во меѓународен поглед најмногу губи самата Грција, грчката економија, грчкото стопанство и трговија и се надевам чесниот грчки народ кој ќе знае на некој од наредните избори да го казни и Мицотакис и Папандреу за оваа националистичка хистерија што е таму сега.

Кога сме веќе кај Грција единствено што не ја обвинувам Грција е тоа што таа воопшто не е виновна што господата претседатели и министри за надворешни работи во ЕЗ се добри и големи љубители на егзотични острови на милински суми долари, факт е дека сите до еден беа во посета на таа Република Грција, сите добија добри подароци со исклучок на господинот Бадинтер кого за време на новогодишните празници го викнаа, но не успеаа да го поткупат нашите јужни соседи

Каде е во сета оваа ситуација Македонија? Најголемата грешка што може сега да се направи, по мене, е ако се свртиме сега самите кон себе и почнеме да ги бараме виновниците за македонско  непризнавање меѓу нас

самите, а прашање е дали воопшто ги има. Како неопходно се наложува потреба од внатрешен меѓупартиски, меѓунационален мир и толеранција и да престанеме еднаш засекогаш да го делиме националното ткиво на македонецот, ние македонците сами.

Исто така, во овие денешни услови албанските партии и албанците и сите други националности во Македонија ќе го полагаат испитот на зрелост на одговорност и лојалност кон македонската држава Во овие услови, по мене, се наложува неопходност од изградба на стратегија за долгорочно непризнавање на Република Македонија. Ако имавме една таква изработена стратегија немаше сеуште да зависиме од добрата волја на грчките граничари, немаше да бидеме сеуште ориентирани кон Солун како главно пристаниште за Македонија и по мене требаше многу, многу порано Владата да изготви алтернативни патишта и правци на Солун односно под итно требаше да се почнат, а и ден денешен не е доцна тоа треба од утре да почнеме да градиме патни правци односно железничка и патна преориентација кон Бургас и кон Драч, како две најблиски наши пристаништа односно градење на пруги Кичево - Ќафасан и Куманово-Кустендил.

Исто така, доколку имавме изработено една ваква стратегија немаше сега да дозволиме во оваа ситуација бензинот константно, секој дневно ни се прелева од Македонија во Косово и Јужна Србија.

Кои се моите забелешки до македонското државно раководство?

Во поглед на внатрешната политика сметам дека заложбите за мир, толеранција, дијалог во потполност ги поддржувам. Од друга страна сметам дека нашата надворешна политика правевме грешки и конкретно ќе укажам на некои од нив со цел да може во што пократок временски период истите

да бидат надминати. По мене, во овој момент најприоритетно се наложува потребата од отворање на македонски центри во сите светски метрополи од витален интерес за македонскиот народ Брисел, Париз, Москва, Берлин, Торонто, Њујорк, Сиднеј итн.

Исто така, по мене е неопходно поорганизирано и потемелно свртување кон Македонците во странство, македонското иселеништво како кај најсигурна македонска потпора во овој момент. Воедно, тука го гледам, еден од начините за едно финансирање за младата македонска држава

Исто така можеме да учиме би потсетил и на тактиката на евреите со нивното иселеништво, тие имаат изработено специјални вредносни бонови во долари и во тој поглед фактички Изреал како еврејска дражва има потполна контрола врз финансиите што доаѓаат од нивните иселеници што јас како пратеник по мене лично ние како македонска држава имаме многу мала контрола на помошта што доаѓа од нашите иселеници. Факт е дека секој во иселеништвото тие размислуваат таму на еден капиталистички начин, секој си гледа свој профит најпрвин а потоа колективниот профит и по мене македонската држава треба под итно да испрати свои претставници таму нормално со нови луѓе некомпромитирани кои ќе можат да го анимираат иселеништвото во секој поглед

По мене, исто така е голема грешка што е правењето лимит кон нашето минато односно тезата за нашето славјанско потекло кое една претходна дискутантка многу возвишено дискутираше за тоа.

Јас би ве прашал сите дали американците сте слушнале некогаш да се откажале од своето индијанско потекло и кој ни го дава правото ние да се откажуваме од нашето античко потекло. Отидете во Канада или во било

која прекуокеанска земја, зборувајте со нашите македонци таму ценети универзитетски професори како што е Тим Јанев е еден од нив, па ќе видите што ќе ви кажат за нашето античко потекло Ќе повторам мислам дека не смееме да правиме лимит кон нашето минато*

Како што кажа еден претходен дискутант колку што Грција има право на тоа античко минато толку имаме и ние македонците. Исто така тука би ја спомнал и МАНУ во една пригода јас ја критикував овде за инертност и несериозност во овие решителни моменти за државата само ќе го кажам последното нејзино обраќање два дена пред донесување- на Европската декларација до научните и универзитетските професори до ЕЗ и до меѓународната јавност. Последниот став од ова обраќање по мое длабоко уверување е изработен без никаков,дослух со нашите историчари и нашата историска наука

На крајот, уште нешто за мене доста битно по мене лично, а како пратеник чувствувам обврска спрема тие што ме избрале да го кажам. Секој оној, а такви денеска и вчера ги имаше овде во Парламентот, што сака одговорноста за непризнавањето на Македонија од ЕЗ да ја проектира внатре во Македонија односно врз македонското раководство најдиректно работи против вистинските македонски цели. Свесно или не тоа не ме интересира. Доколку ние денеска и јас лично ги прифатиме тезите на господинот Драги Арсов и госпоѓицата Доста Димовска од вчера тоа дека ЕЗ не е виновна за нашето непризнавање, тогаш треба јас заедно со над 200 илјади македонци со потекло од Егејска Македонија да прифатиме дека господинот Јосип Броз Тито и неговиот договор од 1955 година со Грција беше во право што не држеше во гето и да бидеме директни соучесници со сатанизацијата на македонците во сегашна Егејска Македонија.

Вчера беше прочитан извадок од некоја книга од Дража Марковиќ од господинот Александар Флоровски на крајот од неговото излагање во врска со ставовите и личноста на претседателот на нашата држава, јас само би го упатил, иако многу ми е жал што истиот пратеник не е овде, да ги прочита сеќавањата на господинот Страхил Гигов, еден од главните македонци слуги на Белград и соучесник во сатанизацијата и гетоизацијата на Македонците од Егејска Македонија овде во Македонија и во Егејска Македонија.

Конечно прашање до целиот Парламент дали ќе беше признаена Словенија доколку Италија застанеше против нејзиното признавање и дали ќе беше признаена Хрватска доколку Австрија застанеше против нејзиното признавање. Сите мислете за ова прашање,

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави Блаже Ристовски потпретседател на Владата.

**БЛАЖЕ РИСТОВСКИ:**

Господине претседателе, уважено претседателство, дами и господа,

Уште една битка е загубена, продолжува борбата. Осудени сме да веруваме во победата. Впрочем, вратата за разговорите и договорите сеуште ни е отворена.

Декларацијата од Лисабон е само потврда на континуитетот на односот на Европа и светот кон Македонија и македонците и посебно кон македонското име. Вие, веројатно поголемиот дел од вас се сеќавате на Цариградската конференција во 1877 година на почетокот нашето име воопшто не беше спомнато.

VII/6

Во руско - турската војна каде што зедоа учество најголем број доброволни единици од Македонија беше предвидувана и некаква дуалистичка држава, но ни во Сан Стефано ниту во Берлин во 1878 година името на Македонија не беше внесено во официјалните документи. Ние често се повикуваме на членот 23 од тој договор, но таму воопшто не е спомната Македонија, туку само се подразбира и таа област.

Во Букурешт во 1913 година нашата татковина беше расчеречена од соседите со благослов на истата Европа и на истите соседи со основната цел да ни исчезне името. Станавме Јужна Србија или Вардарска бановина, Југозападна Блгарија или Петрички округ односно Северна Грција. Се сеќавате дури и на оној абецедар што беше отпечатен во Атина на македонски јазик во 1925 година под притисок на друштвото на народите од Женева не го содржеше и македонското обележје. А во Версај во 1919 година беше потврдена поделбата на нашиот народ но пак во основните акти никаде не се спомнува името Македонија. Се сметаше дека само така може да се разнебити завек еден стар народ и една вековна култура да исчезне во мракот на историјата.

Денеска истите тие сили - делачи заради се истите интереси одново се обидуваат да го потоморат воскреснатото име. Дали тоа не требаше да ни биде појасно и пред Лисабон? Всушност не се работи формално ни за името. Станува збор за обид за конечна елиминација на таканареченото македонско прашање на Балканот. Со тоа ќе бидат задоволни сите соделачи. Така ќе биде можно еден ден да се врати договорената Јужна Србија кон својата матица и тоа би било меѓународно правно сосем праведно. Така братските односи помеѓу соседите ќе се изградат и на Балканот ќе завладее оној мечтаен рај. Но, ние македонците и националностите што живеат со нив постоиме не од вчера и нема да

исчезнеме ни утре. Вековите го шепотат македонското име на овие простори и сред овој народ. Не е тоа прашање како што би рекла госпоѓата Цудеру од сентиментална природа. Тоа е жилавото тело на една жива историја, современост и иднина. Затоа постои стравот од името. Тоа го повлекува автоматски прашањето за нашите малцинства во соседството и нивните човекови и национални права. Тоа се обврски што би произлегле од меѓународните акти, договори чиј недоследен потписник е и соседна Грција. Затоа Атина инсистира не само да се елиминира името,туку и преамбулата во Уставот што го потврдува историскиот државен и национален континуитет. Затоа за нив е поприфатливо да бидеме, на пример, Република некоја Вардарија, Дарданија или просто Република Скопје. Но, ние сепак не сме некаква Српска САО Краина или нешто слично. За нас и не е важно како некој нас ќе не нарекува, но ние можеме и имаме право да се именуваме само како Македонци и нашата татковина само како Македонија.

Госпоѓата Вирџинија Цудеру високомерно кодифицира - цитирам "правото на сопствен културен идентитет е право признато како од ЌЕБС така и од Обединетите Нации од секој, а тој идентитет е подеднакво значаен како и територијалниот интегритет".

VIII/1.-РД/МЛ

**БЛАЖЕ РИСТОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Дали тоа се однесува само за нив, за членките на ЌЕБС и на Европската заедница, или можеби само за нашиот сосед? А малку ли нови народи се вклучија во текот само на оваа последна година во меѓународните асоцијации. Или тоа што важи за сите, не може да важи и за Македонија. Во последно време се даваат разни изјави на балканските лидери, па се прокламира и старата идеја за конфедерација. Но сега само меѓу Србија и Грција, како што беше овде рече- но некаква воздушна конфедерација.

Конфедеративната идеја е стара историска опција на многу македонски генерации. Барем од половината на минатиот век наваму. Но не српско - грчка, туку како балканска, јужнословенска, или источна. А што би рекле господата на пример, Милошевиќ и Мицотакис, за една засега хипотетична конфедерација на Македонија со Албанија, Бугарија и Турција, па можеби и натаму до некој од јужните бивши советски републики. Што би рекла Европа за таа опција? Но, она што мора светот подобро да го разбере, она што го знаат сигурно и господата од соседна Грција, тоа се бесмислените наоди дека сме биле Титова творба од 1944 или 1945 година, или пак Коминтерновска, од- носно Сталинова измислица, заради некаков идеолошки комунистички империјализам.

Историските факти недвосмислено потврдуваат дека барем од четириесеттите години на Х1Х-от век, македонската национална мисла и акција веќе добива масовен и организиран вид и потоа се изразува во видливи манифестации, за кои на времето знаеше широко светот. Меѓутоа, едно е сигурно: Ние не успеавме да го монолитизираме македонското национално чувство во единствена национална програма. Дури и најчесто

некои политички партии, па и во нашиот Парламент доста често слушаме, или поединци, постојано бараат некаков национализам, сепаратизам, па дури и се манипулира со национални партии, ненационални партии. Идејата на нашиот македонски форум едно време за изградба на македонска национална програма, сметаме и сега се покажува како судбоносна неопходност. Таа комплексна и комплетна програма би му посочила на овој народ видлив пат и јасен правец за неговите историски стремежи и перспективни очекувања. За жал, пред самиот завршеток на веќе концептираната национална програма настаните не обезмоштија. Македонскиот форум треба одново да ја ангажира македонската мисла и да го исполни својот долг. И кога сме веќе тука да се запреме мигум, уште на еден важен факт, што имено овде добива актуелност. Сосема неоправдано и сметаме апсолутно неосновано беа изречени некои констатации за македонскиот патриотизам на претседателот на Републиката. Јас сум должен да истакнам дека уште на првиот официјален работен состанок на тој македонски форум во Охрид на 12 јули 1990 година, во времето кога југословенската политика сеуште моќно дежураше над секоја послободоумна национално интонирана сепаратистичка мисла, тој Киро Глигоров веќе ја елабораше визијата за една итна самостојна македонска национална држава, надвор од СФРЈ. Честа и достоинството ме задолжуваат ова да го посведочам и овде, за да не се манипулира со погрешни претстави и заблуди. Може се да му се импутира во неговиот богат живо- тен активен пат, но барем од 1937 година наваму, не може да му се оспорува искрениот македонски патриотизам, толку недвосмислено из- разен, ако сакате уште со неговата неоправдано често подзаборавена феноменална песна "Ленка" и особено со писмото што пратениците го пласираа како приговор од декември 1943 година, што излезе од неговата рака, како израз на ставот на македонската активна интелигенција во тој

судбоносен историски момент. Овој најзначаен програмски документ од Националноослободителната борба, треба бездруго веднаш да биде објавен во дневниот печат, за да види нашиот народ кој и што мислел кога зборувал и како дејствувал во едно пресудно време. А Глигоров остро му забележува во тој текст на Тито токму за осуетувањето на обединувањето на Македонија во моментот кога тоа и единствено можеше да се постигне. Тој во ставовите на Тито извлекува заклучок дека Тито допушта, цитирам "Прво, НОБ треба да доведе до ослободување на Југославија. Второ, таа НОБ треба да им донесе национална рамноправност на сите народи на Југославија и Трето, таа слобода може да ја добие секој народ, само со пушка во рака". Тука Глигоров резимира. Цитирам "Прокламираните горни три принципи, применети на македонската стварност значат слобода и рамноправност на 1/3 од Македонија, која пред 1941 година беше во границите на стара Југославија, но приложен докрај принципот дека борбата треба неминовно да значи и национална слобода на одделни народи, за нашиот народ, вели тој, таа нема да донесе слобода и рамноправност, оти делумно ослободен народ, не е ослободен", завршува цитатот. Затоа Глигоров смело и јасно истакнува: "Неприменливоста на така поставените принципи на македонската стварност значи дека во тесните рамки на Југославија, не може целосно да се разреши македонското национално прашање. И во минатото, вели тој, во 1943 година како и од страна на нашите дејци во Народноослободителното движење, така и од туѓите борци и движења, секогаш се сметало оти решението на македонското прашање е можно само во една федерација на балканските народи, поради тоа што нашето прашање е општо балканско. Географската положба на Македонија, продолжува тој, туѓите пропагандни влијанија и империјалистичките стремежи за завладување на Вардарската долина и Солун, т.е. на Македонија (наведувам), создаде ривалство меѓу

VIII/4.-

балканските народи околу Македонија и направиле од Македонија објект на империјалистичките апетити на балканските и вон- балканските завојувачи. Така создадената положба доведе до поделба на Македонија, за да се задоволат на тој начин стремежите на трите империјалисти што ја опкружуваат Македонија. Поради тоа, вели Глигоров, поради таа специјална положба, проблемот на Македонија се појавува во поспецифична светлина, отколку националните проблеми на другите поробени народи во стара Југославија. Повторуваме, завршува тој, проблемот на Македонија и неговото разрешување ги натфрла рамките на стара Југославија"итн. итн., веројатно мнозина од вас тој текст и го познаваат.

Тоа се мислите и зборовите на Глигоров од 1943 година. Тоа во голема мерка ја определи и неговата судбина по ослободувањето. Иако неговото учество, како секретар во деновите на Првото заседание на АСНОМ има поособено историско значење. Тоа мора да се знае и денеска, кога одново ја доживуваме судбината на нашите европски делби и амбициите на соседните политици. Затоа да го остави ме прашањето за припадноста на единствената партија некогаш, кога друго и не беше можно. Да не се фаќаме и за некои слабости и пропусти што можат да се најдат во животот на секој човек и во работата на секој активен дејец. Со сето ова, не сакаме да кажеме дека претседателот Глигоров е некој безгрешник и во однос на политиката што несомнено суверено ја комулираше во текот на оваа година ипол. Може да се спори и дали не сме биле побавни отколку што било допуштено. Дали не сме сториле и потфати што денеска се покажуваат како пофункционални за нашето осамостојување и признавање. Дали на вистина требаше да го чуваме толку долго предлогот од Словенија за меѓусебно признавање, а потоа да мораме да молиме таа Словенија од ново да го направи тој чекор, наместо да ги признаеме на пример

прибалтичките републики и заедно со Словенија и Хрватска да тргнеме кон онаа плима на признанија итн. итн. Сигурно не беше целисходно за нас и прокламирањето на таа фамозна платформа со Изетбеговиќ, но мораме да се потсетиме и на моментите што ги преживувавме и околностите што не сковуваа. Ризикот да влеземе во пожар беше навистина голем. Ние сепак го зачувавме мирот, животот на нашите луѓе и спечалените добра низ вековите. Утре историјата ќе цени колку се грешело, а колку се успеало. Сеуште е блиска дистанцата за праведна оценка.

Што се однесува за Министерството за односи со странство, за жал, тоа сеуште не е трансформирано во Министерство за надворешни работи, мене ми е жал и што господинот министер го нема тука. Тоа допрва треба да се организира и да се комплетира. Таму се потребни квалификувани кадри со свест и знаење, но и со искуство што овие деликатни времиња ќе треба да се снаоѓаат низ лавиринтите на непостојната и непостојаната европска политика. Министерот Малески е поставен меѓу две сосем дијаметрални оценки. При сето тоа, мора да се води сметка за достоинството и дигнитетот на човекот. Денко Малески е несомнено човек за особена почит. Во неговото лице имаме еден висок интелектуалец, роден дипломат, респектиран соговорник превосходен демократ, изразит хуманист, несомнен патриот. Но секој човек си има и нешто специфично, што се наталожува во душата и се изразува во мислата.*Тој цело време на пример, живее со отворен страв за економската положба и социјалната состојба на македонскиот народ. Искрено се плаши од економски колапс и не гледа излез од големите пречки и тешкотии на овој план. Кон тоа самиот вели. дека е сентиментално врзан за југословенството со кое растел и заедништвото во кое што се развивал. Затоа и неколку пати јавно

VIII/6.-

декларира дека е цитирам: "за сојуз на суверени држави, но самостојност, само без него". Тој повеќе пати повторува дека веднаш по признавањето ќе се повлече. Не случајно уште одамна има депонирано оставка кај премиерот, а сега само ^а повторува, како навистина морален чин со големо оправдување. Зашто, неговата природа не може да си ја изневери. Дури и на денот 26 јуни сега, кога се решаваше нашиот статус, во времето на седницата на Владата не убедуваше дека треба да се оди на компромис. Дека мора да се прифати некоја друга формулација на името, па макар и бивша југослвоенска Република Македонија и слично. Тој се плаши за нашата егзистенција, се плаши од воен пожар и пораз на народот. И тоа сметаме е човечки, сфатливо, но за жал, не и прифатливо, поради местото што го зазема. Овие и сличните интими и моменти на слабост не мора да нашле одраз во вршењето на функцијата. Тие воопшто не се присутни во мислата и акцијата на претседателот Глигоров, а тој коректно ги спроведуваше неговите директиви и замисли. Дали другите соговорници не насетиле такви скриени чувства кај нашиот министер. Нешто од неговите човечки дилеми. Но, непризнавањето сигурно не се должи само на тоа. Други се мотивите, посуштествени се причините. Тие имаат корен првенствено надвор, но не треба да се испушти исто така и внатре кај нас. Нашето не единство и нашата инертност во трансформацијата на општеството не не препорачуваат премногу. Погледнете околу што сме трансформирале од бившиот. систем. Навистина во овој прекраток рок се промени државата, значајни сегменти од системот, плурализмот, демократизмот, но дали е тоа во завршен вид. За жал, за странецот ние сеуште сме некаква наводно, комунистичка енклава, поекстремна дури од соседна Социјалистичка Србија. Нашите улици, канцеларии, домови уште се со старата иконографија. Нашите средства за информирање се сеуште поедноумни, без елементи за почеток на некаков плуралистички дух во

мислите и ставовите. Се се диктира од еден центар, од една партија, од совеста на Македонија. Но со која сигурно не можеме да очекуваме да не прегрне Европа. Го знае ли тоа нашиот народ. Сме можеле ли тоа да му го кажеме, или барем да му го шепнеме. Исто така, капиталот сеуште е во раце на една малку плурализирана, но сепак на една партија, нестрплива да го искористи моментот пред големи- те и конечни трансформации на бившиот систем во непосредното соседство. Затоа и толку тешко минуваат сите системски закони. Затоа и така поминува трансформацијата на капиталот, затоа и се направија севозможни пречки на МИА, па останавме без свој глас пред светската јавност, прокламирајќи разни полуприватни агенции, радија и телевизиски станици.

Во рамките на тие наши слабости, не сметам дека Владата е безгрешна, иако овде беше наречена приватна Влада. Јас навистина би се чувствувал многу навредено, ако некој смета дека сум приватен некој потпретседател, јас лично, а не знам како се чувствуваат другите во оваа Влада. Мислам дека ние како Влада не најдовме сили да ги извршиме сите наши обврски што ќе придонесеа и за нашата афирмација надвор и пред се, за создавањето на сликата за нас во очите на светот. Ние не успеавме да ги измениме многу од белезите што ги наследивме од бившата СФРЈ и од бившиот систем. Ние не успеавме дури и да го трансформираме тој капитал и дури и средствата, на пример, имотите од бившите општествено - политички организации, сеуште не успеавме како Влада да ги земеме во рацете што ни беа дадени од самите тие политички организации, кои потоа се трансформираа во други организации.

IX/1.- ЈМ-ВБ

**БЛАЖЕ РИСТОВСКИ:** (продолжение)

Тоа мора да го препишеме како опасност на самата Влада, а тоа денеска сеуште е легитимација и за нас7за Европа, затоа што со таква легитимација ние сигурно не ќе стигнеме кон таа Европа кон која многу гласно говориме дека сакаме да дојдеме. Ние исто така сакаме овде, да бидам слободен да изнесам уште еден момент што ми се чини е важен при овој акт на признавањето, односно непризнавањето на Македонија. Имаше меѓу нас и луѓе кои во разни ситуации даваа разни изјави и правеа разни акти за кои ниту во Владата, ниту во архивата на претседателот на Републиката, веројатно и никаде не постои ниеден напишан не само извештај, туку ниедна реченица. Ние имавме специјален пратеник испратен да не претставува и да се бори за нашето признание. За жал ние од сето тоа имаме само некои вербални сведоштва за кои утре на генерациите не ќе можеме ништо да им покажеме како аргумент, односно како документ во нашата архива. Впрочем ако нешто од сето она што се шушка во врска со активноста и мисијата на специјалниот пратеник во Америка и Канада и низ Европа е точно, тогаш навистина треба раководството на Македонија да си извлече одредени консеквенции за неговата дејност и неговото учество во овој тежок, макотрпен и ризичен би рекол процес на нашето признавање на меѓународен план. Мислам дека требаше нашата политика да биде навистина поагресивна. Ние одвај, одвај успеавме малку, малку да отвориме некое пенцерче кон другиот свет надвор од Европската заедница и Америка. Навистина требаше да- се отвориме кон Исток, требаше да се отвориме кон Азија. Ние не сме контактирале со Кина, со Јапонија итн. Ние ги оставивме арапските земји, муслиманскиот свет. Тука се извинувам имаше сега и писмо од Претседателот до таа Конференција и тоа беше многу добро направено и имавме позитивен одѕив и јас се надевам и благотворни резултати, но тоа се е сеуште доцна и сето тоа е сеуште

IX/2.-

недоволно. Ние не се осврнавме кон многу земји и во другите континенти што можеа да ни бидат при рака и можеа да имаат чувство за нашата потреба. Ние не го направивме тоа и во сите земји во Европа, дури и во земји кои ни беа благонаклони. Ќе речете, сите тие се построени под одредени повисоки инстанци што го диктираат денеска мислењето во светот. Да. Но, ние знаеме и земји што можеа да кажат и поинаков збор и тие го кажаа, а ние мораме да се однесуваме со уважение спрема нив. Јас очекувам и од оние земји, почнувајќи од Русија, па и сите бивши Советски републики дека наскоро независно од овие вакви и слични ставови што ги заседе Европската заедница, па и самата Америка, јас верувам и во разговорите со господинот Херд ќе прозвучат и други тонови, затоа што ваквата состојба едноставно не ќе биде издржлива за самата Европа. А ние сме поставени во тешка состојба, но ако сме издржале со вековите, ќе можеме да издржиме "и со месеците. Ќе биде тешко, но ако сме исправени нема да дозволиме да ни диктираат Мораме да ги ангажираме нашите ресурси, а тоа се нашата интелигенција која во овој момент не е ангажирана, мораме да ги ангажираме сите стручни сили, сите уметнички сили, сите научни сили, нашата историска наука која за жал засега сеуште е сосема скраја од сите овие напори на цела една држава, на цел еден народ, на сите националности што живеат во оваа држава. Нам и како Влада ни е потребна поголема координација. Тоа сега можеби го гледаме порелефно отколку што можеби можевме да го видиме досега. Се разбира треба да поднесеме и официјално барање до ОН за прием. Не верувам дека во овој момент ќе биде позитивен одѕивот на нашето барање, но ние треба тој чекор да го направиме, затоа што не мораме сите карти да ги фрламе само на една маса. Но,. Се разбира разговорите и преговорите ќе ги водиме со сите вклучително и со членовите од Европската заедница, па и со соседна Грција. Ние немаме каде да одиме. Ние сме тука и тие се со

нас. Ние сакале, или не и тие сакале, или не, ќе мораме да се согласиме еден ден, ќе мораме нашите интереси да ги спрегнеме во истото рало. И не е точно дека ние немаме баш пријатели надвор и не е точно баш дека секогаш дури и во Франција, мене ми е драго што овде беше изнесена една интересна слика на еден на- учен собир колку што разбрав во Франција. Меѓутоа, јас сакам да додадам дека сега во Бурбонската палата во Париз кога се држеше тој колоквиум со меѓународен карактер за мирот и демократијата во бивша Југославија, на масата во Претседателството каде што бевме удостоени сите претставници од бившите републики во Југославија да пишува со крупни букви под името"Македонија” Значи и во Бурбонската палата стоеше и стои името "Македонија". И не само тоа, туку истакнати личности на францускиот живот политички, општествени, државни личности зборуваа за Македонија и македонското име во наша одбрана, во поддршка наша и ние треба да се потпираме на нив.

Конечно овде доста се зборуваше и за Арбитражната комисија на господинот Бадентер. Јас сакам да ве потсетам дека тој истиот господин Бадентер токму на 26 јуни кога почна заседанието во Лисабон објави во "Лемонд" една интересна статија токму за улогата на таа Арбитражна комисија и односот спрема нејзините решенија. Мислам дека добро би било тоа и нашата јавност да го знае. Се разбира тешкотиите се пред нас, но Македонија оди понатаму.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Едно процедурално прашање. Јас сакам да го искористам правото од Деловникот и да поставам едно прашање. Ние по Деловникот Владата во Парламентот ја претставува премиерот. Премиерот не стана да каже во врска со Информацијата која беше на дневен ред. Го слушнавме личниот став на министерот за односи со странство. Не знаеме сега дали излагањето на потпретседателот е негов личен став, затоа што за тоа не

навлегувам во содржината на излагањата, или разликите. Си имаат Влада каде што можат да расчистуваат проблеми. Затоа ќе замолам во текот на седницата премиерот да ни даде некои појаснувања во врска со овие разлики.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Мене воопшто не ми е јасно во каква позиција беше излагањето на потпретседателот на Владата. Ако е поднесено во вид на експозе, односно излагање кое ќе ги одразува основните координати, односно ставовите на Владата по однос на прашањето кое ни е на дневен ред, сосема ни е јасно. Но, ако тоа се прави како личен став, односно лична дискусија, тогаш мене сосема ми е неприфатлива. За вакви работи кои ни ги сугерираше овде потпретседателот на Владата тој можел да се .залага токму во таа Влада и да му сугерира на тој министер за односи со странство да се придржува кон таквите барања, а не овде кога сме пред свршен чин да се изнесува. Затоа јас барам од претседателот на Собранието да се придржува како кому кога му дава збор. Ова е Парламент и пред се оваа говорница треба да ни служи на нас пратениците. Јас чекам 20,30 дискутанти за да дојдам на ред и не можам да дојдам на ред, а еден министер, односно член на Владата овде доаѓа без да се почитува редот ја искористува дури половина час говорницата. Ова мене не ми е јасно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во Собранието се разбира Владата ја претставува претседателот и именуваниот претставник на Владата по точка која е овде на дневен ред. Другите членови на Владата се должни да бидат овде и да ја следат седницата за да можат да се консултираат со претставниците на Владата. Меѓутоа, кога претседателот не е тука тогаш потпретседателот ја

IX/5.-

претставува Владата. Јас кога го запишав него за дискусија тој се јави кога не беше претседателот тука. Мислам дека е договорено меѓу нив двајцата тој да зборува. Ако има проблеми околу тоа ќе каже претседателот.

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

Јас мислам дека мошне добро се одвиваше седницата. Сега искри се појавија на крајот. Прво, не е точно дека претседателот на Владата не беше тука кога бараше збор потпретседателот. Јас бев тука и тој бараше збор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тој е запишан од вчера.

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

Вчера бев цел ден тука. Блаже Ристевски си зема збор како член на Владата. Министерот Малевски е овластен во името на Владата да поднесе експозе и тој поднесе експозе. Во првиот дел само кога даваше метафорички свои изрази на некои ставови рече "тоа е мој личен став". Ве молам, тој ги изнесе ставовите на Владата, затоа што на седницата на Владата тој беше задолжен да на- стапи и да даде образложение за Декларацијата. Што се слушаат тука оставки итн., тоа е работа на Владата, нејзиниот премиер и министер. Ние во својата куќа ќе си дадеме свои ставови, ќе ги чуеме сите мислења на членовите на Владата и ќе го обавестиме Парламентот. Ве молам за тие работи и не би требало да се задржувате во дискусиите Говориме за мошне сериозна Декларација во која се анатемисува името на Македонија. Тие проблеми треба недвосмислено да се искаже волјата, љубовта, склоноста на сите нас затоа што синтагмата Владата што употреби "народот да се искаже", не мислиме народот да го

повикуваме на референдум. Напротив за името на Македонија никаков референдум не може да дојде во предвид, туку по тој израз народот да се искаже. Мислиме вие како легитимни претставници на тој народ кој ве избрал сега да се искажете во осудата во однос на името на Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине претседателе, станува збор за нешто друго. Во ваше присуство стана потпретседателот и имаше излагање. Дали е тоа излагање на Владата, или не е излагање на Владата? Друг пат нема да му дадам збор додека не ме убедите дека зборува во име на Владата .

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

Дали вие ќе му дадете збор на некој член на Владата, или не,тоа е друга работа. Член на Владата може да бара збор во Парламентот . Според тоа, незнам во кој Деловник тоа не стои . Тој настапи како член на Владата. Меѓутоа, не станува збор за тоа дали тој автентично, или неавтентично ги претставува сите погледи на Владата. Тој си искажа свои гледишта.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам да се разбереме, членовите на Владата овде ја претставуваат Владата.

Предлагам пауза до 14,30 часот.

X/1/ПЈ/лј

ПО ПАУЗАТА

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа. За збор се јави Владимир Голубовски.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Бидејќи единствена точка е на денешната расправа во врска со Декларацијата од Лисабон, сакам веднаш да го изнесам ставот на ВМРО - Демократска партија и мојот личен став сосема накусо по однос на Декаларацијата. Не прифаќаме Република Македонија да биде признаена од било кое друго име освен постојното историско име. Бараме и инсистираме од Европската заедница и пошироката меѓународна заедни Република македонија да биде меѓународно призната. Сметам дека воопшто не е спорно дека околу ова прашање е постигнат национален консензус и пред оваа расправа и меѓусите граѓани на Република Македонија. Оттаму, си земам за право да констатирам една загриженост што сепак во формулирањето на дневниот ред се дозволи таа мала невнимателност еден ваков одговор како што е Декларацијата која што требаше да ја изготвиме овде во парламентот да се доведе во близина на толку контроверзна и жестока расправа која што можеше да се подразбере по однос на преиспитувањето и потврдата на меѓународната политика што ја води Република Македонија.

Исто така чувствувам обврска како претставник на политичка партија која што е застапена во парламентот, а со оглед на тоа што пред неколку дена дадовме соопштение во кое практично лоцираме одговорност за неуспехот во процесот на признавањето во македонското раководство, најпрвин, уште еднаш да ве потсетам накусо за таа реченица, а потоа да го дадам и должното објаснение во парламентот.

X/2.-

Македонскиот народ еднаш мора да се отрезни и за проблемите кои што се случуваат да ги бара причините кај себе во случајов кај оние што ја водат македонската политика. Јас ќе се откажам она што го спремав како аргументација за ова прилика и ќе го при- фатам излагањето на господинот потпретседател на Македонската Влада. Сметам дека тој ги понуди сите релевантни аргументи за таквото тврдење изразено од ВМРО -Демократска партија. Прво, тој повеќе од отворен сомневање ни даде до знаење дека за нас нелогичната одлука од Лисабон и не е толку нелогична ако се има предвид дека во Македонката Влада постоело слабо место и токму ресорот за контакти со странство каде што немало доволно цврстина во поглед ан името на Република Македонија.

Исто така, господинот Блаже Ристовски во своето подолго излагање кое што со интерес го следев ги потврди нашите сомневања како партија и мои лични во однос на тоа како се водела надворешната политика во Република Македонија и во однос на тактиката и во однос на стратегијата и во однос на брзината на реагирањата. Тој кажа дека е задоцнето барањето во пакет заедно со Словенија и со некои други држави да ја бараме својата суверена и самостојна позиција односно меѓународно признавање. Јас во оваа прилика, бидејќи се друг беше искажано и од други пратеници, не би сакал да се повторувам. Но, тој кажа и некои работи кои што заслужуваат коментар, бидејќи се донесуваат за луѓето во Македонскиот државен врв и кои што можат да придонесат некои работи да ни станат појасни. Тој најпрвин ни понуди една историска аргументација за разнишувањето за нашиот претседател за 1937 година, но само до периодот до 1943 година за колку сфатив дека гарантира. А потоа еден празен просторшто не ми беше јасно дали тоа треба да го сфатиме како размислување во таа насока или можеби една резерва дека никој не е сигурен дека во еден  толку долг

човечки живот можно е да не се задржат размислувањата и ориентациите. Во оваа прилика нема понатаму да изнесувам ставови поврзани со личности, туку ќе се обидам да полемизирам со политички принципи и некои однесувања и во парламентот и во политичките партии и да ги сведам на принципи, кој што полесно би можеле да прифатиме објективно да ги преоценуваме. Мој впечаток е дека во целиот период од една ипол година и повеќе практично во политичкиот живот на нас македонците се одвиваа две тенденции. Од една страна лево ориентираните партии настојуваат, користејќи ја притоа позицијата на држење дефакто на власта во Републиката Македонија при решавањето на сите витални национални прашања да подготват таков амбиент каде скоро и да не може да се побегне од компромитација ако се настапи со ставови на национална линија. Така беше со Уставот па и со Референдумот, а и кога се толкуваа работите на бадинтеровата комисија и тука се ставаат доста инсинуации, што ВМРО- демократска партија како свој дел на одговорност заради однесувањето при процесот на донесувањето на уставот не сака да ги прифати така како што и се сугерира на Македонката јавност. Од друга страна е тенденција на другата страна во политичката поларизација во Република Македонија на најбројната национална партија застапена во македонскиот парламент која што сака да не убеди, практично сака да ја изземе својата одговорност за градењето на политиката во Република Македонија, а не го прифаќа фактот дека таа е тука во парламентот и за сите судбински прашања што се донесувани одлуки гласаа пратениците на оваа партија. На пример, да потсетам дека ВМРО-ДПМНЕ гласаше за уставот и со гласовите во апстиненција на ПДП и НДП беше донесен таков Устав кој што практично на Македонија и донесе држава во однос на националното анационална и со сите тешкотии кои што сега ги чувствуваме во процесот на признавањето.

X/4.-

Во вчерашните дискусии од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ беше изнесувана вистина и тоа не е спорно. Но, за мене не може да биде без резервно сфатена и таква вистина ако во некои делови на начинот заради кои што се изнесува, заради неразграничувањето од идеолошката оценка на минатото со она што значи државотворен аспект на нашето минато, прави штета на на ова второто. За што, сметам дека ние можеме критички да се однесуваме од идеолошки аспект кога го анализираме минатото, но не може да создаваме додатни дилеми за нашиот корени за државотворните аспекти на македонскиот народ. Тогаш нека ми извинат сите оние што се сметаат за погодени, останува да констатирам дека може би и покрај високата лична храброст да се прочитаат текстови со таква содржина кои што реков дека се вистина, можеби недостасува она што е како единствена совест на кого би можело во овој момент ако не примерно сме одбрале таква аргументација да послужат таквите истапи. Зашто, овде кога денес расправаме барем така се изјаснивме за судбината на Република Македонија мислам дека и покрај Декларацијата како да немаме сили да зборуваме за право единство на прав начин со потребна толеранција, бидејќи се она другото што може да служи за дневно - политичка потреба, ќе може да се искористи кога на дневен ред ќе дојдат такви прашања, а и во пред времените избори кои што јас ги прогнозирам како сосема извесни до крајот на оваа година. Оној момент кога ќе дојде прашањето за финансиска помош однадвор на Република Македонија, тие ќе бидат условен?

Затоа, да се вратам повторно на почетокот и да изјавам дека лично сметам дека позицијата на Република Македонија е подобра отколку што ние самите ја прифаќаме и од немоќта на политичките партии, пред се, во парламентот да стекнат политичка инцијатива во јачината на своите аргументи, негативистички приоѓаме кон се она што е дневно политички

проблем, проблемите ги драматизираме и создаваме можност за поефикасна манипулација со граѓаните. Но, за да не останам должен, иако доста работи ќе ги оставам за една вистинска расправа одвоено за внатрешната и надворешната политика или за политичко безбедносната ситуација, сакам да укажам на еден полемичен начин, за мене тоа не е полемичен, за мене е веќе цврсто сознание, на одредени политички загрозувања. Ако пред малку реков дека Република Македонија, не е загрозена однадвор, тоа не значи дека Република Македонија не се подготвува да се дестабилизира внатре за да биде во еден момент загрозена и од надвор

Прашањето на водењето на внатрешната политика во сегменти на непримерните отстапки на албанското малцинство индицира точно за какви загрозувања и каква подготовка политичка на дестабилизација се раобит во Република Македонија. Со отстапките кога се обесхрабруваат им се убива перспективноста на граѓаните во западниот дел на Република Македонија. Тоа ништо друго не значи освен губење доверба во сопствената македонска држава и тоа за мене е српскотовлијание, српскиот продор. Тоа е платформата на српското загрозување. Оние отстапки кои водат кон федерализација на Република Македонија, а елементите се претпознатливи, тоа не значи ништо друго, туку платформата на бугарското загрозување во Република Македонија. Многу е тешко, бидејќи и едното и другото се случува и практично тоа загрозување од она што го знаеме еволуирало скоро на идентични и слични платформи, па за да можеме директно да може да кажеме се работи точно за симптоми за тоа загрозување, иако и двете се присутни. А каде е македонскиот одговор?

Кога овде и двете спротивставени страни се обвинуваат токму на линија на македонските интереси ниту едната не кажа аргументација во корист на зацврстување на едно убедување дека токму тие навистина се цврсто на таа македонска определба. А, суштината е покрај другото и пред се во законодавната сфера во донесувањето на новиот устав. Ние пропуштивме прилика и тоа сами гласавме, бевме оставени тоа сами да го одлучиме да донесеме Устав за тоа дека Република Македонија е национална држава на македонскиот народ.

Иако во напорите да избегнам повторување, практично дојдов во опасност логички да не изнесам еден став на крај да констатирам во однос на позицијата на Република Грција и од Европската заедница некое размислување. Сметам дека и Република Грција и Европската заедница и самите не верувале во тоа кога го. пишувале текстот на Декларацијата.

XI/1.-cj/jc

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ**: (Продолжување)

Таа декларација е еден тест, а можеби лоша проценка од причините што ги наведов на почетокот заради кои што со должна резерва се оградувам на она што го зборувам, го засновав на искажувањето на г-динот Блаже Ристовски. Брзо ќе сфати Република Грција и таа сфаќа дека е надитрена во пазарот за Македонија бидејќи нема толку острови колку пати ќе треба да прави отстапки колку што може ние да си играме затоа што имаме безбедна ситуација на тоа прашање. Сите информации деновиве укажуваат на тоа дека процесот на признавање на Република Македонија не е запрен туку на- против доаѓаат охрабрувачки знаци и Република Македонија ќе биде признаена, но ние мора да успееме да ги активираме сите механизми што се подразбираат под една држава и таа да функционира како суверена и самостојна држава. Тука беше кажано она што инаку би го набројувал барање прием во 00Н, барање признавање од земји на другите континенти како што беше спомнато Јужна Америка, Африка, Азија, се работи повеќе за една поддршка што нас би ни помогнала да може без нервоза да го издржиме следниот период.

Не навлегувам во детали, а се задоволив да констатирам дека она што беше изнесено од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ, по трет пат повторувам, е вистина, само заради констзруктивниот приод и да не се вознемирува македонската јавност во ситуација кога многу работи се отворени и треба од право место да се објасни. За мене е прифатливо да кажам еден ваков партнерски однос да се воспостави на толеранција само оние кои што се на власта си дозволат една отстапка да не посакуваат да го контролираат информативниот простор. Единствен услов за мене, толерантното однесување на ВМРО - ДП го бараме во отворање на

информативниот простор она што се случува во македонската телевизија длабоко ме загрижува. Ситуацијата во другите средства за информирање исто така симптоматично но мора при ова да бидам попрецизен. Се оградувам од вакви ставови за оние новинари и уредници кои ги почитувам како демократски ориентирани новинари и квалитетни новинари. Но, кога зборувам за ова прашање зборувам за оние новинари кои што примаат нарачка да прават, пишуваат политички тестови и тука во Собранието на Република Македонија и кој како награда патуваат во странство со оние што ги нарачале тестовите.

И, уште едно прашање како допринос за консензусот и за националното единство. Кога зборував пред малку дека не се прави разлика од идеолошката конфронтација од она што значи државотворен аспект на македонскиот народ и што не ме сфатија добронамерно, а требаше добронамерно да ме сфатат пратениците од ВМРО-ДПМНЕ е токму на можноста што ја оставаме, барем за мојата партија сметам дека е демократско ориентирана партија, (реакција во сала) за манипулација со еден огромен дел на македонците само затоа што живееле во време кога партијата беше држава. Тоа исто да направам паралела како да макеоднците кои што го прифатиле во соседните земји бугарското и грчкото државјанство не се повеќе македонци. Затоа, во име на ВМРО- Демократска партија прашање е на другите национални партии дали тоа така ќе го отворат искажувам цврста определба во еден став кој што*е искрен дека во Македонија немало комунизам никогаш туку имало само вешти лица кои што го искористиле тој систем и ние сме отворени за сите оние членови на бившата СК кои ја прифаќаат Програмата на ВМРО-ДП. (Реакција во салата)

XI/3.-

Сметам дека тоа не е смешно бидејќи и сега во националните партии 95% од членовите се членови на бившата партија, но не сме им дале можност за тоа еднаш отворено да разговараме и да гоземеме најјакиот аргумент на конзервативните политички сили кои што имаат една армија поддржници на се она што го прават затоа што ги заплашуваат и им наметнуваат хипотека дека се комунисти, дека времето работи против нив итн. Треба да го земеме она што е најјако на идеолошииот противник со целосно почитување на луѓе, ние може заедно да живееме, но ние сме политички противници. Нашите патишта се исти за она што сакаме да го спроведеме, затоа што ако зборувам подетално, а се задоволив на аргументацијата на г-динот Блаже Ристовски ќе го повторев и она и околу авторизацијата за осамостојувањето на Република Македонија и за она кој за што се залагаше итн.

На крај ги повикувам сите македонски ориентирани, малку звучи апсурдно, македонци да размислам за својата лична одговорност, сите оние кои што не се вклучени во политичките партии, а кој број е недозволиво голем да дадат политичка сила на оние политички партии на кои што веруваат дека ќе понудат излез од оваа севкупна криза во која што се наоѓа Република Македонија. И, го поздравувам секој од пратениците од ПДП и НДП кои што безусловно покажа лојалност, граѓанска лојалност према Република Македонија и се надевам дека тоа значи и дека се откажуваат од филозофијата на сепаратизам и ќе станат лојални граѓани на Република Македонија.

XI/4.-

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, денешнава седница на Собранието за мене треба да има две крупни цели, и тоа:

Прво, во едногласното и енергично одбивање на неприфатливиот дел од Декларацијата на европската заедница, а кој се однесува на Република Македонија и во која се бара промена на името како услов за меѓународно признавање на Република Македонија,

Втората визави нашата домашна јавност која од нас очекува искажување на целосно единство во градењето на ставовите по однос на ова крупно историско,. национално и политичко прашање каде во ниеден момент не би требало да има разногласие или пак дилема во одбраната на националниот идентитет, самостојност и самобитност на македонскиот народ и националностите кои живеат во Република Македонија. Меѓутоа, на жалост веќе по којзнае кој пат по повод донесување на крупни и значајни политички документи и одлуки во ова Собрание свидетели сме на обиди од страна на една пратеничка група да се фрли сенка, да се изрази несогласување, да се стави се под сомневање и на крајот откако ќе се види исходот на расправата лицемерно да се приклучи кон останатите пратенички групи или пак со аплауз да се прифати определениот документ или одлука што е на дневен ред на Собранието. Така беше кога расправавме за нужното донесување на одлука за одржување на референдум за само определување на македонскиот народ и граѓаните во Република Македонија а со кој беше цврсто искажана волјата на сите граѓани за суверена и независна држава Македонија. Исто така бевме сведоци на слични настани и при донесувањето и усвојувањето на првиот

устав на Република Македонија по одржаните први повеќепартиски избори во Македонија како највисок акт на една суверена демократска и правна држава. Според тоа, јас лично воден од демократските на- чела подготвен сум да се расправа за сечија работа и активност вклучувајќи ги тука и носителите на највисоките државни функции, но само под услов таа расправа да содржи елементи на аргументираност, објективност, достоинственост, добронамерност и искреност. Сега се поставува пращан>ето, дали ние денес соочени со еден неодменлив предизвик од Европската заедница на кој треба јасно и категорично да одговориме со зборот "не", благодарам"европска господо" ќе навлеземе во расправа која ќе ја маргинализира главната цел и задача на оваа седница и се претвори во крајно проблематична и непринципиелни и меѓусебни обвинувања, делби и кавги од кои на нашиот народ му е преку глава и уште еднаш покажеме и пред нашата и пред светската јавност дека не сме дораснати на стратешката и заедничка цел односно да изградиме суверена, независна и демократска правна држава.

Ќе бев многу посреќен и позадоволен доколку не бев принуден уште еднаш да ги посочам оние делови на одделни дискутанти кои ја потврдуваат погоре искажаната констатација, а уште по- веќе претходно посочените принципи на една демократско - парламентарна расправа по било која тема и прашање во ова Собрание, а кои денес не се почитуваат. Но, да одиме по ред, да видиме дали се работи за моја заблуда или пак за заблуда, неискреност лицемерие и недобронамерност на оној кој ги искажа следните оценки за наводно погрешните чекори на македонската државна политика.

Прво, барањето за консензус во кој би биле вклучени исклучиво само македонски партии, зборува за немање на чувство за реалноста на македонската етничка и политичка плурална стварност и губење на смислата на тој институт кога би се наметнувале ставови на едни политички партии врз други политички партии. Впрочем нели тоа истото го бараме и од Европската заедница и се бориме против едностраното и недолично нејзино кумство за што сите енергично го подигаме, изразуваме нашиот протестен глас.

Второ, навистина не ми е јасно која е таа алтернативна македонска надворешна политика што се бара ако веќе сме се определиле дека за промената на името нема алтернатива.

Трето, комуникацијата на носителите на надворешната политика со Собранието би можеле да ја оцениме како недоволна и не многу честа, но да не заборавиме дека најмалку досега на двапати се расправало на ова собрание по истата тема за да на крајот со целосна поддршка биле одобрувани активностите на Министерството за надворешни работи и претседателот на Републиката, ова само колку да се потсетиме заради оној принцип на искреност и добронамерност.

Четврто, залагањето за формирање на стручни тимови во кои би било исползувано искуството на поранешните дипломатии и за кои беше кажано дека на работите би пришле спектрално" околу признавањето на Македонија не можам поинаку да го сфатам освен како своевиден бев бидејќи истите тие пратеници само пред некој месец тие исти поранешни дипломатски работници најостро ги напаѓаа и ги квалификуваа како типични експоненти на бившиот југо-комунистички режим и припадници ка едноумието.

Петто, за мене е прифаливо и разбирливо да се создаде или создава не еден туку многу повеќе пријатели не само во соседните земји на што и денес работиме, но не треба да се заборави дека стремежно да се гради и пријателство треба да биде заемен, а неопходноста од изнаоѓање на еден влијателен пријател или ментор како што беше речено во европските земји, во нешто значат, играат важна улога во европската заедница можеби е потребно. Така да примерите со Хрватска и Словенија не би требало да се земат како шаблон и имотетивен модел што може да се примени на Македонија бидејќи окружувањето на овие две држави е сосема поинаку, а и односот на нивните соседи сосема се разликува во целост од односот на нашите соседи кон меѓународното признавање на Македонија и кон судбината на македонската нација.

Шесто, крајно необјективно е да се тврди дека одолговлекувањето на донесувањето на некои системски закони е резултат само на една личност бидејќи вистината е поинаква. Имено, не можеме јавноста да ја лажеме па да премолчиме дека виновноста лежи во не- ефикасната и неблаговремена активност на Владата, потоа однесувањето на две навидум спротивставени пратенички групи кои наизменично се служеа со методи на напуштање на седниците на Собранието и ултима- тивни барања како и придонесот на вредниот, независен пратеник Тодор Петров со што се вршеше постојана блокада на работата на Собранието.

Седмо, навистина не можам да ја сфатам оригиналноста на единствената опозициона партија во Парламентот како што беше кажано во излагањето на г-динот Драги Арсов кој во ниеден момент не го поставува прашањето на довербата на Владата и уште повеќе се оглушив на иницијативата за предвремени парламентарни избори како најефикасно и

единствено политичко и парламентарно средство со кое се служи и настапува секоја вистинска опозиција која сака да ја оствари или да ја освои власта во едно општество. Но, очи~ гледно тука се работи за нешто сосема друго или на постигнуваше на некоја цел со сосема поинакви средства и методи, а да се избегне проверката на сопствената политик во народот, граѓаните и бирачите.

Сега дозволете ми да се задржам на некои други моменти кои ми се чини дека се многу посериозни и посуштествени и кои навистина на некој начин како еден дамоклов меч висат над Македонија и што кај луѓето предизвикува незадоволство, депресираност разочараност и немотивираност. Кои би биле тие опасности кои ја демнат денес Република Македонија.

Прво, исклучителна опасност. во Македонија во контекст на погоре искажанот е загрозувањето на внатрешниот мир на овој простор. Може слободно да се каже дека на Македонија и се заканува поголема опасност од нестабилноста на внатрешните односи отколку на надворешниот фактор кој често пати и во најголема мерка сопствените активности ги гради во зависност од однесувањето на актуелните политички субјекти во Републиката односно колку одделни политички партии со крајно проблематични политички ставови по крупни државни, општествени и политички прашања даваат повод за потхранување на нереални амбиции било кај едните, било кај другите наши соседи било во насока на асимилација или територијална анексија.

Втора, критична точка на македонската стварност претставува економско - социјалната состојба во републикава. Имено, актуелната состојба на овој план се карактеризира со одредени стихијни процеси во одвивање на стопанските текови пред се како резултат на упорното

одбивање на Владата да ги донесе системските закони кои дефинитивно ќе создадат услови за успешно преминување кон пазарното стопанисување и ефикасна трансформација на општествениот капитал. На ова ме упатува фактот дека и по шест месеци откога собранието на Република Македонија ја овласти Владата да донесува уредби со законска сила, таа иста влада во овој период не ги по- нуди системските закони со кои се регулираат односите во девизното монетарно финансиско работење, даночниот систем и други области и на тој начин искажана е спремност и желба за изградба на еден нов економски систем пазарно ориентиран во Републиката. Наместо тоа имаме на дело крајно непродуктивна и административно ориентирана владина политика во економијата и социјалата со силно изразени тенденции на етатизам и дирижизам. Оттаму не е случајна појавата на концентрација на општествениот капитал и моќ во се помал број на раце од државен, парадржавен и дилерски карактер со што грубо се узурпираат слободата, правата и претприемчивото на стопанските субјекти, претпријатијата, така да денес имаме ситуација нашите министерства повеќе да се бават со обична трговска дејност или пак со склучување на различни сомнителни зделки и договори вон било каква општествена, парламентарна или друг вид контрола. Ова е само еден сегмент не навлегувајќи пошироко во анализата на другите мерки на Владата и во другите сфери на општествениот живот како што се здравството, ни формирањето, науката и други кои можат да имаат и веќе имаат тешки последици кон животниот и духовниот стандард на граѓаните, а што јасно укажува дека станува збор за едни неприфатливи, ретроградни процеси во сферата на економијата, социјалата и дел од општествените дејности.

XI/10.-

И трето, голема опасност за Македонија лежи во настојувањето на одделни политички партии и нивните пратенички групи со своите екстремни барања да го забават или попречат донесувањето на клучните закони како што е Законот за државјанство, Законот за исправи, Закон за лична карта и државните симболи со кои треба да се заокружи изградбата на државноста на Република Македонија, а директно на некој начин задираат и во сферата на меѓунационалните односи односно во правата на националностите. Оваа сфера, исто така се покажува како исклучително критична точка која Македонија може да ја турне во бесконечен меѓунационален судир или пак тој проблем со правилна политика ќе се трансформира во еден позитивен процес за изградба на вистинска демократска држава каде правата на националните колективитети нема да бидат ништо повеќе од обични граѓански и природни права. Инаку размислувањето од типот дека на македонци не смее да им се суди за кривични дела, а на албанци за исти такви дела може да им се суди не води само кон поделба на власта на етничка основа и заокружување на свои системи на власт или искажувања на лојалност само на тие органи на власт во зависност од нивната етничка припадност

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

После се ова кажано, логично се наметнува прашањето на што во иднина, меѓу другото треба да се потпира политиката на Република Македонија, што секако ќе има можеби пресудно влијание за забрзување и на одлуката за признавање на Република Македонија.

Лично мислам дека Македонија својата судбина треба да ја врзе на четири потпорни точки.

Прво, Македонија само во мир може да ги оствари своите стратешки цели односно изградба на суверена, демократска и правна држава и меѓународно призната. Спротивно, во услови на војна па дури и на поширокиот балкански простор Македонија ја губи својата шанса.

Второ не помала опасност во Македонија претставува во последно време се поотворените навестувања, дури и по прашањето на промената на името може и треба да се води поеластична поли- тика, па дури да се прави некоја трговија која би ни донела среќа и благосостојба. Оттаму , не смееме да дозволиме да се јават пукнатини во чувството на Македонецот кон сопствената национална припадност и само свест за автохтоноста на нашето национално битие. Во тие рамки, исто така, мора и треба да се води грижа и ефикасна политика на сожителство со~другите националности што живеат во нашата Република со доследно почитување на сите човекови и граѓански права зацртани во сите позначајни меѓународни документи.

Трето, мора да се заложиме и да изградиме на закон заснован таков економски систем и економска политика во кој државата се се помалку ќе

биде во улога на со стопанственик и главен дистрибутер на капиралот и моќта, а се повеќе тоа. право да се препушта на слободната иницијатива на претпрпемаштвото и делувањето на законите на приватната иницијатива и слободните стопански субјекти.

Четврто, мораме со позабрзани чекори и со донесувањето на сите нужни закони да го заокружиме процесот на изградбата на новиот политички систем со доследно почитување на духот на новиот Устав и создавање на ефикасна и демократска правна држава.

На крајот дозволете ми да с е осврнам само накусо на делови од излагањето на потпретседателот на Владата, господинот Блаже Ристовски. Неколку коментари.

Квалификациите за претседателот Глигоров и министерот Малњски од господинот Блаже Ристовски се обични бакнежи од Јуда доволно цинични и деструктивни за да на бидат вредми за коментар. Господинот Ристовски ја злоупотреби говорницата за личен или поточно партиски став и тоа на партија која доживеа целосен дебакл на изборите. Господинот Ристовски бара извештај за меѓународната активност, а самиот лично е должен неколку такви извештаи од посетите на Парис и Москва, дури и објаснувања бидејќи на македонската јавност и соопшти точни датуми на признавањето од некои земји. Господинот Ристовски тврди дека во Македонија е на власт поцрн комунизам дури и од Србија, а доказ му се иконографиите по канцелариите. Веројатно е вешт и добро ги препознава како добар и погоден последен секретар на Основан организација на Сојузот на комунистите во Институтот за национална историја. И човечки е, како вели тој самиот да му простиме, дури и за злоупотребата на говорницата на Парламентот, бидејќи тој е еден неостварен пратеник кој доживеа тежок пораз на изборите.

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, во мојата дискусија ќе настојувам да бидам прилично краток, бидејќи скоро сите дискутанти, сите пратеници кажаа повеќе од тоа што требаше, од тоа што беше предвидено во дневниот ред. Дневниот ред за вчера и денес беше Информација на Владата за признавањето на Македонија, односно Декларацијата на Економскиот совет на Економ- ската заедница од 27.об.1992 година.

По оваа Декларација како и досегашниве пратеници ќе кажам прилично кратко. Таквата Декларација е насочена против Македонија, особено во делот каде што зборува Македонија да биде призната како Република без имот Македонија. Такво нешто сметам дека денес во Македонија од сите живи граѓани кои живеат со неа, со такво нешто не може да се согласат најнапред затоа што тоа име и не сме го дале ние денес живите. Македонија како држава која што им припаѓа на мнозинството граѓани односно македонците, тоа е долга традиција со векови и затоа ние денес по ниту еден основ од тоа име не можеме да се откажеме и Европа треба длабоко да се замисли во тој нивен чин.

Од дискусиите на пратениците кои што на вчерашниот и денешниот ден по однос на непризнавањето на Македонија се осврнавме во два дела и тоа делот на надворешната политика водена од македонскиот врв и внатрешната политика која што е резултат на оваа надворешна политика. Ги поддржувам во голем дел пратениците кои се изјаснија дека сепак во досегашниот период имаме слаба внатрешна политика. Таквата слаба внатрешна политика резултира и во надворешната политика. Ние немаме министерство за надворешни работи. Оставивме еден министер. Исто така

таквата улога во голем дел ја презеде и претседателот на Републиката, што сметам дека тој дел од работата дури целосно не му припаѓа нему. Надворешната политика во светот ја водат .министерствата. Штета е што овој Парламент, а особено и Владата досега не побарала начини, луѓе ние да акредитираме повеќе функции, повеќе институции, дали требало и повеќе средства за издвојување за да ја претставиме Македонија во светот. Во овој период сметам дека прилично нас не претстави и Грција. Ние бевме многу помалку познати отколку што тоа Грција го направи, но сепак, за жал, на крајот на наша штета.

Бидејќи дневниот ред и дискусиите ко се одвиваа сметам дека се одвојуваат од суштината, ми се чини дека и дискусиите отворија тешки прашања за овој Парламент, имаше повеќе критики. Ние не треба да избегнуваме и од критики, бидејќи критиките треба да бидат конструктивни и од иста да имаме корист. Прилично се задржувавме на една долга историја, почнувајќи од илјада години наназад, но многу малку кажавме за иднината.

Ми се чини дека е неопходно од оваа седница да произлезе уште една седница со изготвени материјали и тоа предлагам да биде 44-та седница. Владата да изготви материјал, бидејќи од искажувањата на потпретседателот и на министерот, а и од малото најавување на претседателот на Владата има некаков расцеп во Владата, има не единство. Не можеме тоа да го прикриеме. Такво нешто мора да излезе пред Парламентот со чиста анализа, со чисти сознанија што се случува и што треба да се случи.

XII/5

Македонија ја чека тешка иднина. Патот на признавањето е тежок и трнлив. За да се оствари тоа многу пратеници кажаа дека е потребно единство. За единство не треба само повик, потребно е исполнување на многу работи. Внатрешната политика ни стои скоро на исто ниво, дури е и полоша од кога почнавме ние со трансформацијата односно со создавањето ан една независна и самостојна Македонска држава. Од донесувањето на уставот поминаа седум ипол месеци, со еден или два системски закони. Ние немаме облик, немаме физиономија на држава. И што би барале тогаш да не признае некој надвор, од Европа или било која друга држава. Тие не гледаат во нас константен народ, не знаат какви се нашите идеи и цели. Што побрзо треба да излеземе од таа фама, системските закони кои што ги даваат белезите, политичките белези на една држава, а уште повеќе економските, се спомнуваше дека социјалата и немирите се пред нас. Тоа ќе дојде набрзо . Во една социјално слаба држава, во еден немирен народ не треба да бараме единство. Не ќе може тоа да го постигне никој, па ми се чини дека е неопходно после овие дискусии што се јавија за овие два дена, нова седница за внатрешната политичка состојба во Македонија и да ги искристализираме односите за една иднина, како треба да настапиме. Минатото сепак ќе треба да го оставиме малку по- настрана, бидејќи се живее од иднината и од денешницата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ве молам да се договориме никој втор пат да не/се јавува.

Може ли така? (Може)

**ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:**

Процедурално сакам да кажам нешто. Со оглед на тоа што јавноста

денес најсериозно е загрижена за судбината на Македонија и за судбината на она што денес го поставивме, а тоа е Декларацијата на Европската заедница, кој дел го преземаме, кој го осудуваме.

Јас молам и работното Претседателство, бидејќи тоа има можност да ги насочи дискусиите, ако не барем да ги прекине, да се придржува на дневниот ред од проста причина што овде имаме многу партиски рејтинзи, многу истакнување на програми, можеби не е лошо за тоа да се занимава и Парламентот, меѓутоа, во тој случај да кажеме дека ќе отвориме посебна седница на која ќе разговараме за политичката состојба во Македонија односно за работата на Владата на Република Македонија;

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ми останува да го уважам овој предлог во оваа смисла, да прашам дали се согласувате да гласаме за текстот што го усогласиле комисиите, а сите амандмани да се повлечат и да не водиме расправа по Декларацијата. (Да). Расправата ќе си продолжи после, а Декларацијата да ја усвоиме. (Повеќе пратеници извикуваат може, може). Без амандмани, ве молам, ако има расправа, ќе си одиме по расправата. Не се прифаќа тоа. (Во салата се слушаат реагирања од многу пратеници). Не можеме така, еден ако сака да учествува во расправата по Декларацијата, се продолжува оваа расправа, само се изместува редот, не оние кои се пријавени, туку оној кој наеднаш тогаш ќе се пријави. Така што не можеме така да направиме. Овде има луѓе кои се пријавиле за дискусија. Единствено ако не водиме расправа по Декларацијата и нема амандмани тогаш имаме право да ја усвоиме Декларацијата, а потоа да продолжиме со ова расправа која се води.

XII/7

Може ли така?

(Некои пратеници не се согласуваат)

Не може, не може, еден ако не се согласува не може. Не можеме да се надгласуваме, затоа што не можам да му го одземам правото тој да дискутира по својот амандман.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ**: (Од место).

Дајте му можност тој да каже.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема да биде еден, ќе се искриви целиот ред. Знаете како е сега, ќе се јави еден, ќе му дадеме збор потоа на другиот за истата работа, морам да му дадам збор.

Има збор господинот Поповски процедурално.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Јас апелирам до пратениците и Собранието, ако се согласиме на еден што не се согласи да ја усвоиме онака како што е предложена Декларацијата, да му дадеме можност да се искаже и да ја завршиме работата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само под еден услов, да е само еден.

(Од место се јавуваат повеќе пратеници кои би сакале да се јават за збор).

Ете, не може, се јавува еден, два, три, четири, пет - (Ги брои пратениците кои креваат рака) невозможно е така.

Одиме понатаму, има збор , господинот Петре Трајковски.

XII/8

**ПЕТРЕ ТРАЈКОВСКИ:**

Овие денови Македонија и македонскиот народ доживува тешки моменти, доживува една голема трагедија. Сите ние овие последни месеци очекувавме меѓународно признавање на нашата држава, но за жал тоа не се случи. Се случи тоа цела Европа да е виновна дека не знае што работи и дека истата направила не- видена грешка, а сопствените грешки и да не постојат. Јас мислам дека тоа не е така. Да се запрашаме дали Европа и останатиот свет не го сака овој народ или не го сака системот што ни е на- метнат на недемократски начин, кој систем за Европа и за секој друг кој има нешто демократско во себе е само еден неокомунистички и недемократски и еден од последните во Европа. Исто и соседниот систем е таков, кој упорно е копиран од нашата власт и е во брзо распаѓање. Можно е за брзо време нашиот систем да остане последен од комунистичките системи во Европа.

Европа заедно со останатиот свет има решено комунизмот како систем да се растури, кое и стварно треба да се случи и затоа од овде толку многу се пцуе за истата Европа и се учи таа иста Европа што е демократија.

Знаеме дека Европа и другиот свет во последно време и ги помага новите демократски власти, како што е случајот со Албанија. Да ви кажам дека тоа е пример, по паѓањето на комунистичката власт во Албанија, новиот претседател Сали Бериша за неполни два месеци е примен лично од претседателот на Америка Буш и тоа сигурно оди со помош, сигурно изгледа дека господата кои почесто се прогласуваат во демократи не сакаат да видат дека каде што се на власт комунистички режими што се растураат, токму таму се водат овие војни последниве години, каде што гинат невини луѓе и каде што се даваат невини животи. А тоа истото се случува недалеку од нас.

Затоа, за доброто на македонскиот народ и за да не бидеме ние "слепо црево" во Европа и овде во нашава Македонија ќе мора и овој наш сегашен систем да си замине. Доста му беа на народот 50 години маки со таа светска напаст за да си го дозволиме луксузот и денес, не дајбоже, а и утре македонската држава да ја водат, овој пат под маската на квази демократијата услужени комунисти. Со нив македонскиот народ нема иднина, нема ни да има. Вака сме доведени во опасност да го изгубиме и тоа едно наше свето а тоа е достоинството на еден народ, јас мислам голем народ иако господинот Денко Малески го нарече мал народ. Овој народ не може мал да биде ако ја видиме својата историја. Овој народ е многу голем, само може да го водат некои ситни души.

Зошто во Европа и пошироко не се прифаќа ваков систем? Многу е јасно, затоа што во него не постои демократија, а како што знаеме сите, демократијата е основен елемент за еден современ систем, а исто така и е основен елемент за едно меѓународно признавање. лесно може да се види и да се почувствува зошто немаме една таква вистинска демократија. Тоа Европа и светот одамна го имаат согледано и будно го следат. Најлошо е тоа што на нашиот народ му се сервира поинаква вистина со помош на контролираните комунистички средства за информирање, како Македонската телевизија и "Нова Македонија". Тоа е со цел продолжување на работата на истата власт и понатаму оживувајќи го неокомунизмот со кој секогаш оди и еден невиден криминал што го вршат истите криминалци последниве 50 години и кој криминал, за жал, е во се поголем замав, бидејќи никој не сака да ја испушти таквата власт Народот за тој криминал се излезе на избори и народот се знае како гласаше, а изборните резултати овде ги видовме минатата година на каков начин се преиначија. Знаеме

сите дека без демократија нема меѓународно признавање и дека демократијата и неокомунизмот не одат заедно, но кај нас некој тоа упорно и слепо го спојува. Изгледа тој спој почнува да пука. Со самите избори пред две години демократијата кај нас го направи првиот чекор, но за многу кратко време се изврши пуч на таа млада демократија по која по Уставот парламентарниот систем се претвори во претседателски, а истиот во партиски систем каков што беше и пред изборите. Тоа може да ни го кажат изборите во градот Штип во последно време пред две недели и може да с е види што се случи во стрелата кога највисокото политичко раководство како институција отиде во Штип да се занимава со културни проблеми, да подарува книги на Домот на културата, а тоа беше само промоција на комунистичкиот пратеник.

**ПЕТРЕ ТРАЈКОВСКИ:** (Продолжение)

Исто така тој претседателски систем кој се надмина самиот себе си како систем е тоа што од оваа говорница господинот Киро Глигоров многу пати ја користи за напаѓање само на една партија. Кога беше избран за претседател, сите знаеме дека беше избран за сите, на сите и за цела Македонија и за целиот народ и народностите. Власта како што реков, остана во исти раце и по тие избори како што беше и пред изборите. Нашата парламентарна група на ВМРО-ДПМНЕ многу пати на време реагираше, даваше иницијативи, но, за жал, коалицијата која се наоѓа во Парламентот упорно тие иницијативи ги отфрлаше. Од истава говорница знаеме сите како и на кој начин се дочекуваа предлозите и иницијативите на ВМРО-ДПМНЕ. Знаеме точно кој беше иницијатор за кочење и блокирање на истите. На пример неколку пати кога баравме нашите деца да не одат во српската војска од овде, ако се видат стенограмите, кој и како зборуваше дека треба да одат и кога се осудија тие деца на смрт, точно од овде се осудија.

Нашиот политички врв поддржан од коалицијата во Парламентот упорно трасира цело време погрешен политички пат, како во однос на надворешната политика така и во однос на внатрешната политика. Сето тоа со одземање на демократијата. Внатрешната политика ја знаеме. Народот невидено се плачка, оваа година почна и да се тепа како на пример во Куклиш, Радовиш, овие денови читам и во селото Николиќ затоа што сака некој директор да држи монопол и се пушта народната милиција да го тепа сопствениот народ и тоа во трите случаи се тепаат земјоделци тие што не хранат нас.

Паралелно со тоа ни се сервира квази мудрост во врска со неуспехот на нашата политика. Последниве денови на нашиот народ му се пере мозокот со старата проверена комунистичка формула со всадување на

страв од војна и други работи преку истите тие средства за информирање дека неуспехот на македонските раководители треба да се подели со народот, Ова е ново чудо. Уште што не се кажува ако народот не го сака тоа да го подели тој неуспех ќе треба самиот народ да си поднесе оставка.

Кога ВМРО го бараше истото нашите политичари се занимаваа цело време со крпење на растурената Југославија, а за Македонија и народот се немаше време. Потоа беше доцна. Резултатот деновиве го почувствувавме сите. Ова делење на вината на неуспехот во врска со непризнавањето на Република Македонија е исто како и проблемот на опљачканите девизи што се опљачкани од нашите повратници од странство кои власта полека, полека почна да ни нудат јавен долг сите да го плаќаме. И сите ние ќе го платиме, одреден број на луѓе приврзаници на овој режим го опљачкаа народот со една милијарда долари и повеќе направи вили, купи коли купи девизи по 7 динари, јас не сум должен никому ништо да му враќам.

Се бара единство кога дојде неуспехот и кога излезе на површина од погрешната политика, се бара единство. Да се подели, во ред, да се подели, единството ни е потребно, но сега единство бараат тие истите што го опљачкаа народот и сеуште го пљачкаат.

Прво, би требало да му се врати на народот тоа што му е опљачкано од девизи,станови, материјални добра и други работи, па потоа од тој народ да се бара единство и тој народ да учествува во таа неуспешна политика, па да ја подели радоста и тагата. Јас лично не сакам да се врзувам за некакво квази единство со комунистички криминалци кога ќе се најдат во ќор сокак и се претвораат во ноеви како овие денови на очи што се гледа.

XIII/3

Како да се објасни дека демократијата е кога поголемиот дел последните години и по изборите, ние велиме влегуваме во демократија, а раководниот кадар од фабрики, судови, општини, министерства, подрачни министерства е останат ист, не смее никој ни да ги помести туку напротив таквите меѓу кои се тие, не баш сите но, поголемиот број се истите тие криминалци, ги знаеме сите кој како, не сите, но поголемиот дел сегашната власт дури ги негува како да ги чува за подобри времиња, за догодина ќе ни се најдат. Во ова време кога демократијата треба да ја издигнеме, кога приватизацијата требаше, како еден основен елемент на едно демократско и ново општество таа приватизација требаше да ја привршуваме, таа не е ни почната. Трансформацијата на општествениот капитал требаше да се одвива на демократски начин проследена со вистинска денационализација, како што го прави целиот свет. Но, во моментите кога се очекува меѓународно признавање во Македонија настана една невидена и најголема пљачка на столетието и на Балканот и во Европа. Кој пљачка? - Режимските луѓе со помош на власта. Од кого се пљачка? Од народот, од работниците, земјоделците и повратниците од странство.

Исто така, демократијата во Македонија е проследена со присвојување на средствата за информирање во свои раце т.е. во рацете на врвното раководство. Можеме да го видиме денешниот број на "Нова Македонија" како се кратени изјавите од една партија а како од друга партија, истото што е искажано од оваа говорница.

Исто така во склопот на демократијата во Македонија еден независен весник што го имавме како весникот "Република" по кратко време власта направи се тој весник да не се појави повеќе додека во спротивно "Нова Македонија" и Телевизијата кои се најдобрите  помагачи на ширење на неокомунизмот се даваат неограничени средства од Буџетот на истиот

народ, тоа се народни пари.

Исто така, покрај "Република" во овој момент е замирање и на друг партиски весник тоа е весникот на ВМРО-ДПМНЕ "Глас" кој на еден перфиден начин на еден непознат начин на демократијата сака да се запре и изгледа власта во тоа ќе успее. Тоа беа единствени два весника што не го хранеа тој неокомунизам.

Вака набројани примери за злоупотреба на демократијата будно се следи од тие што треба да не признаат. Затоа активноста на надворешната така и внатрешната политика е на најниско ниво. затоа и од тие што очекуваме признавање поготово Европа и Америка во нашата Република сегашната политичка власт не ја гледаат како прав политички партнер што во последно време тука изјавуваа како што пред еден месец беше заменикот на Цимерман што изјави во Вирџинија.

Повторувам ни се нуди квази демократија, а ни се крати правото да донесеме државни симболи, закони, а очекуваме признавање. Некни пишуваше дека наши патници од Мастрихт биле вратени затоа што немаме пасош. Одат со југословенски пасош. Изгледа и самите заборавивме да се признаеме, а и тоа ќе го сториме кога ќе воспоставиме вистинска демократија. Грешките на политиката насекаде во демократскиот свет се оценуваат позитивно и негативно. За негативната оценка а поготово кога доаѓа од поголемиот дел од народот треба еднаш да проработи свеста и моралот кај тие што ја водат политиката и повеќе да размислуваат за доброто на народот, а не повеќето време да се троши за личниот култ и интерес, бидејќи народот во Македонија не го заслужува тоа што во последно време му се случува. Господ нека ни помогне.

XIII/5

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави господинот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, дневниот ред е Информација на Владата.

Претседателот рече дека преку извештајот и искажувањето на министерот за односи со странство тоа ќе биде став на Владата. Овде сите почнуваат од тоа дека жалиме што се сторило во Лисабон, меѓутоа, јас ќе имам едно друго видување и мојата дискусија ќе почне од прашањето и дочекувањето на Мицотакис во Атина од неговиот политички противник кога го праша Папандреу,како ти успеа да победиш? Значи, на победникот му бараше причина за победата. Ова го почнувам од овде од оваа причина Да имаме право да го прашаме поразениот, зошто падна? Не само да наоѓа ме мана на некој друг, еден господин вака се изрази. Спрема судиите на кои ние им поднесовме молба да не признаат се собрале 12 празни глави. Јас не знам на што личи тоа? Дали ние собрани во овој Парламент ќе треба да судиме на некој друг дали е полна или празна глава. Ќе треба да одлучиме зошто паднавме? Од овој момент сакам да кажам, да направам еден историски факт, фактолошки да дочарам овде, колку сум во можност, зошто нашата политика падна за непризнавање на Македонија?

Грците биднаа подобри мајстори од нас. Ќе се сетите на 10 ноември една пратеничка група сега така наречена Либерална партија преспа една ноќ и наредниот ден да признае дека спиела таа ноќ. Не начека на спиење и ние првиот утврден текст на Уставот, каде ни ја најде слабоста, го изменивме. Почнаа нашите маки. Тоа беше кога рековме дека е матична оваа држава.

Кога станувашe збор за национална држава, се појавуваат овде дискутанти и припадници на одредени партии дека националните партии продаваат национализам. Веднаш по тоа зошто Грците добиле?

XIII/6

Добиле од Европската заедница да не биде во прашање грчкиот национално чувство. Значи, ние кога самите го уништуваме нашето национално чувство Европа некому признаваше и му даваше значење на националното чувство. Ова го сметам за наша слабост.

Другиот дел кога стана? Кога веднаш на некој од грците му текна дека овој Устав за нас не чини бараме од таа држава што бара признавање да го смени Уставот. Ние брзо, слепо за три дена извршивме смена на Уставот. Што стана понатаму? Другиот договор за учеството. Тие имаат факти еве каква држава треба да признаеме секој ден го менува Уставот. Тоа е слабост на нашата надворешна политика. Имаме министер кој ќе треба да не претстави и да каже, господа ако ова го направиме ќе згрешиме.

Ја читам Декларацијата на Советот на ЕЗ, меѓутоа господа ние не добивме што се дискутирало таму. Зошто го прашувам ова? Кога тие разговарале сигурно имало и едни и други ставови и дали нашиот министер не не извести кои од тамошните министри ги замолил да ги застапуваат нашите интереси пред тој совет. Ако ние веќе не сме присутни како држава, бараме признавање, ќе треба да видиме кој ќе не претставува таму. Сега ќе ги знаеме и споредните факти поради кои навистина не сме признаени. Дали само името било проблем или името е параван за непризнавање.

Ова го кажувам од овие причини. Ние не прв пат, на тој ден дознавме дека Грците го оспоруваат името на Македонија. Значи тоа не беше изненаден момент, тоа беше од поодамна и првиот пат кога станавме тие не оспоруваа. Господинот министер го знаеше тоа и не уверуваше, меѓутоа, денеска што станува, што се добива кај нас? Ние сме имале човек кој не застапувал таму кој пред сопствената влада имал поинакво мислење, а ние поради поинакво мислење од Владата минатата година Ристо Дамјановски

како министер за народна одбрана го сменивме затоа што не ги застапувал мислењата на Владата. Овде господинот министер наместо да ни даде причини дали е само името причина за признавање ни нуди оставка, веднаш зад оставката што?

Од некоја си месна заедница од Долно Дупени, поддржете ме мене, добар сум јас, погрешив што не успеав да докажам. (смеа во салата). Господа не е ни за смеење, ова е за жалеше. Ние треба да жалиме, повторно се појавивме пред таа иста Европа пред која требаше да играме со тим кој ќе настојува да ги увери и убеди дека ние сме македонци, Македонија постои и нема што да се расправаме. Грчките факти се овие, ние го имаме тој факт. Овде и јас кренав рака дека ни требаше посебен изасланик на претседателот во ликот на Тупурковски. Што направи тој Тупурковски? Господа ништо. Станало збор, а веројатно штом и господинот Малески имал лабилен став по однос на изборот на името пред Владата, а и тој Тупурковски дал повод што значи тие било како да е ние да бидеме држава. А како да се викаме, Нова Каледонија? Никој ништо не ни кажа каде е тој господин Тупурковски, што греши. Тој седеше љубоморно на ова второ место овде.

Ќе ве потсетам на едно, на оние кои не припаѓаат на партијата на ВМРО-ДПМНЕ. Кога стана збор, тука е жив претседателот Киро Глигоров, на час сме гледале два ипол часа се расправавме околу тоа што ќе биде со Уставот. Ако не е така јас веднаш, ако има некој смелост да каже поинаку јас веднаш ќе си одам од оваа говорница. Тој Тупурковски не уверуваше дека ако денеска Уставот го донесеме заедно со претседателот, да знаете утре знамето на Македонија ќе се вее пред Обединетите Нации. Ова не сакам да го кажувам поинаку, јас реков ние сме биле цела пратеничка група тогаш броевме 37 пратеници сите заедно, беше и Тупурковски и не се

сеќавам кој друг од оваа гарнитура. Ако нешто не е така го земам за свој грев и не- достоинство. Ако така ми се претстави ние за тој Тупурковски гласавме,  јас гласав и за пакетот за избор на еден министер, гласав затоа што имав доверба Говоревме дека имаме претседател јас го ставив мојот потпис како предлог за Киро Глигоров да биде претседател. Јас не се кајам за тој потпис. Ако се кајам ќе треба да си поставам прашање дали бев нормален. Меѓутоа, разумен, нормален гласав Киро Глигоров да биде претседател на Република Македонија, но на Република Македонија, а не да биде квиско на некоја си политичка партија која успеа да го постави како прв човек.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Секое почитување према личноста на Киро Глигоров. Јас овдека говорам само дали Социјалдемократскиот сојуз и натаму, тоа се зборови на нејзиниот претседател, го кажа јасно, имаме и тонска и видео снимка, како заклучок на неговата партија, тоа го рече. Нај- голем влог во оваа држава е нашиот претседател. Не е така господа. Ние Киро не можеме да ви го дадеме вие да го ставате како залог на нешто. Го искажувам мојот револт во однос на тој дел, зборувам зошто тоа го направивте. Му нанесовте најголем срам на македонскиот народ, затоа што рековте дека сте совест, а што сте совест, по што?

Да речам една работа. Даглас Херд не дошол, меѓутоа ние овдека имаме едно писмо во кое јасно и гласно стои упатено до господинот претседател. И на многу чувствителен начин му одредува идна дата 18 о.м. и го моли ако биде слободен и ако биде во Република Македонија да најде место и време да биде примен. Во тоа писмо му говори за нашите национални чувства уверувајќи не дека Европската заедница се уште не е уверена од нашите факти со кои треба да настапиме за уверување, дали да стане повеќе збор за името Македонија, или не, како тие одлучиле со последната декларација, за која јас не ја поддржувам, со Македонија нема пазарење, таа е една. Наша е, а на кого му треба друга нека си прави. Таму говори дека ќе настојуваме понатаму да изнајдеме најприкладно решение. Ова Собрание и сега ќе требаше да има спремни аргументи и со што и од Владата и од претседателот и од министерот за надворешни работи да спремат со што понатаму ќе се бориме за ова неразбирање, зошто Грците станаа од нас поитри да ја убедат Европската заедница поинаку отколку ние. Да си ги најдеме нашите пропусти и таму, тоа е алтернативата, а не алтернатива гласај за мене затоа што изгуби. Ако некој бара алтернатива,

XIV/2.-

јас во тоа ја гледам. Ќе дојде Даглас  херд овдека. Јас сакам да кажам едно Би било чесно да ненравиме една работа. Да го повикаме и да застане на оваа говорница. Ако господинот Херд застане на оваа говорница ќе има должност и ние да го прашаме и да даде одговор што и како се говорело на тој сос- танок. Тој ќе мора да даде одговорил. Ако вие господа леви сте без одговор и немате интерес некој да го прашате, зошто така одлучил, па можеби ќе не праша што треба да дадеме уште, ајде да го направиме и тоа и да ја завршиме работата, а не да бегаме и да викаме не е така. Говориме за тежок момент. И други држави имале тешки моменти. Јас не сакам овде да кажам друго, меѓутоа ќе се повторам себе кога ја пишувавме првата платформа за разговорите во Белград, кога се брзавме да не ни отиде возот, тогаш говорев дека се ни е различито, можеме да имаме повеќе партии, а да имаме една држава. Ако смогнемечсили и сега да имаме повеќе партии и една држава, Македонија нема да падне. Таа ќе остане, постоела и ќе биде. Ние се плашиме сега немој некоја партија да изгуби примат и со приматот на не- која партија да значи и пропаст на Македонија. Тоа е нашето зло. Јас за оваа работа ќе ве потсетам само на тешкиот момент на еврејската држава Израел. Тие што направија? Кога имаа внатрешен неспокој и надворешни притисоци во Либан и слично и во Газа, дојдоа двете најмоќни партии Лихут и Лабористи да најдат и смогнат сили да ја одржат израелската држава. Откога најдоа сили дека израелската држава останува држава со сила и економска и политичка и воена, отидоа на што? Одат на избори, нека победи било од која тие партии. Уверувањето овде сакав да остане само да биде една партија. Ние сите овдека во Парламентот по однос на Македонија ќе имаме еднаква одговорност, ако не сме се нашле себе да се разбереме. Ова го ставам сега како појава навистина. Нам ни треба разбирање, а односот  ако не сме ние, нема да

бидете и вие, ако не сте вие, не постоиме и ние, ќе не чини многу. Стануваше збор овде како решение избори.

Јас не патам од болката дали ќе има, или нема да има избори. Мене тоа ми е сеедно. Ако се оцени дека созреале услови и денеска доаѓаме на избори. Ќе кажам една работа. Збор за изборите ќе стане оној момент кога ќе поминат шест месеци, ќе сакаме да бидеме прав- на држава повторно, од кога, падна тој предлог, барем тука да не им дадеме на Грците дека и на внатрешниот план не сме недостоинствени. Меѓутоа, кој што ќе очекува од тие избори, кој што ќе добие. Тоа во овој момент никој не го знае. Избирачкото тело е тело од моќ- та помеѓу давање на гласот и ова. Моменталното расположение е лажно» Ова го реков од оваа причина. Ќе ве потсетам на два датума: 12 мај и 27 јуни о.г. На 12 мај дојде предлог од Социјалдемократскиот сојуз, сметајќи дека на 11 мај Европската заедница ќе не признае и тие ќе носат победа, е одиме на изборите. Кога требаа да сфатат, кога тој ден стана малерозен, да не бараат и друг ден да се чини малер, да не го прават и тој собир нивен на 27 кога очекуваа дека повторно ќе не признаат, повторно ќе добијат. Нека останат во рамките на Македонија. Македонија има заеднички интерес, да не признаат како Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господа пратеници, господинот Стојановски на почетокот на својата дискусија изговори една реченица која јас не ја слушнав во Парламентот. Имено, кажа дека ние денес разговараме како во Лисабон се собрале 12 празни глави. Заради достоинството на овој Парламент и навредата на Европа, јас се оградувам а молам и овој Парламент да се огради од тоа.

XIV/4.-

**ТОМЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Ова што го кажа господинот Петковски/ јас го прифаќам како сопствен грев и недостоинство. Меѓутоа, ако некој е глув и не слуша, и е надвор од седница, јас ќе почнам со вистината* Вчера пред грчките новинари, господинот Абди стана и рече: "Јас од името на демократијата сум тој и тој, претседател на таа и таа партија, и тој од оваа говорница изговори дека се состанале дванаесет празни глави да ни сечат колач во Брисел.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи било кој, било кога, такви работи се недопустливи да се изјавуваат од говорницата. Да не водиме истрага за тоа, мислам дека е добра интервенцијата.

**ФАИК АБДИ:**

Дами и господа, јас тоа што го реков вчера го реков, меѓутоа не реков дванаесет празни глави. Јас имам друг речник за нив, не дванаесет празни глави, можеби нешто полошо, меѓутоа не дванаесет празни глави.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да избегавме странските државници не се должни да ги носат оние навреди кои ние обично им ги упатуваме на сопствените. Таму има свои пратеници, а овде е недопустливо на странски државници да упатуваме прекори, да интимизираме со нив, како да ни се први другари, да ги понижуваме, да ги навредуваме итн. Ве молам, ова е сепак Парламент на демократска земја.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Почитуван претседател на Република Македонија, почитувано претседателство, почитувани пратеници. Сложеноста и среќата на малите

народи на Балканскиот полуостров, по се изгледа зависи и од посилниот и таквите законитости за жал, се присутни и денес- ка во демократска и принципиелна Европа, во таа Европска заедница во која особено малите народи ја имаат својата надеж и го гледаат својот спас. Меѓутоа, таквата Европа се наметнува со сета жестокост и врз една мала централна и материјално бедна република, но по духовност доста успешна.

Живееме во време кое сеуште е исполнето со разни политички игри и шпекулации од сите видови, но животот и нашето спокојство мора да тече. Во последно време добиваме впечаток дека сите сме врвни специјалисти за критики, за секакви критики, умесни и неумесни, секој секого го критикува, но никој себеси. Затоа сметам дека е веќе време да се освестиме еднаш за секогаш, дека големите зборови не го откриваат разумот, туку со нив треба да ја откриеме мудроста на нашиот заеднички од кон животот, слободите, демократичноста, толеранцијата, меѓусебното почитување, почитување на разликите и слично.

Минатото треба да влезе во архивите и музеите, а денешнината треба да ја ставиме на преден план, пред нас да ги пронајдеме оптималните патишта од излезот, што светот сеуште не може да не сфати, или пак не сака да не сфати. Во тоа можеби имаме и сопствена кривица, затоа што во овој Парламент со денови и месеци, губиме време за закони и закончиња, кои апсолутно сметам дека треба да се решат за сите желби и разлики, тој колорит кој треба да се сфати и прифати, само како богатство на една цивилизација. Имено, време е да одговориме што треба да направиме денеска. Нај- умното денес и ни претстои тоа дека навистина треба да го траси- раме нашиот пат понатаму. Среќата и несреќата на оваа Република треба да се бара пред се, во нас самите. Секогаш треба да се

XIV/6.-

раководиме со основните принципи на перспективноста, а тоа се разумот, треба да служи за меѓусебно разбирање, умот за создавање на нови идеи, а идеите да ги претвориме во регулативи прифатливи за сите, а со тоа ќе се надминеме себеси и сите тие кои не опкружуваат. Да им докажеме на сите дека од нас може да почне една нова епоха, нова етика на однесување кон себеси и кон другите. Малите народи апсолутно, немаат за што да се срамат, тие секогаш пред себе има- ле чесност. Ние сме во Европа, но моментално Европа е надвор од се- беси. Тоа најверојатно е моментална криза за која верувам дека таа Европа ќе смогне сили, тоа да го преброди. Со налози и ставови, со декрети и одлуки, не се менуваат имињата. Секое име треба да се сфати и чувствува како сопствено и универзално, затоа што во тоа лежат среќите и несреќите на сите граѓани на Македонија: И на Македонецот, и на Албанецот и на Турчинот и на Ромот и на Влавот и на сите. Оваа земја е покриена со гробовите на сите наши предци. Овој колорит на граѓани треба да се почитува и негува, бидејќи си- те овие имаат желба за спокоен живот, за мир и благосостојба.

Сметам дека денес треба да се надминеме себеси и Европската декларација не треба да ја сфатиме како конечна трагедија, од- носно мораме да градиме силна надеж, силна желба за живот и опстојување во време и простор, иако сето тоа е поврзано, се разбира, со тешкотии, од политичка, економска, социјална и друга природа, тешкотии и состојби што ги погодува сите субјекти и чинители на оваа Република. За мене денес е овде позначајно да расправаме поконкретно како да ги насочиме нашите активности и како да кореспондираме со Европската заедница и со земјите во соседството. И со сите други земји во европскиот простор и надвор од Европа. Треба да се ослободуваме од малиот свет на сатурација, на малодушност и да создадеме услови за надминување на непријатностите што не опкружуваат.

XIV/7.-

Тоа мораме да го постигнеме, доколку ги почитуваме основните начела на нашето однесување, тука и секаде да ги прифатиме моменталните слабости и оценувајќи ги нив да создадеме поволни услови и можности за воспоставување посигурни чекори кон светот на иднината.

XV/1 јм/вц

**АСЛАН СЕЛМАНИ:** (продолжение)

Еве два дена слушам многу критики во однос на водењето на надворешната политика, за првиот човек кој е целосно ангажиран да ја реализира нашата политика. надвор. Јас му верувам на Малески и го поддржувам , односно и го молам да ја повлече оставката. Исто така, неприфатливи се критиките кон нашиот прв човек на Републиката Киро Глигоров кој со својата умешност, со своето залагање и политичко искуство нашите деца и сите ние денес спиеме без жестоките децибили на смртоносните топови и гранати што сеат ужас, пустош, смрт и срамота.

И да заклучам. Нема живот без взаемно делување меѓу луѓето, без заеднички труд и заедничко залагање. Тоа животно начело важи и треба да важи и за односот меѓу државите. Тоа треба да биде аксиома и за сите наши односи внатре во Републиката. Недреќата доаѓа многу брзо, а среќата бара негување, многу труд, трпение. Се залагам за сеопшто разбирање, труд и добри дела, а ги отфрлувам сите идеи кои предизвикуваат недоразбирање и стеснување на духовниот и материјалниот развој на нашите граѓани. Сигурно и Платон денес не би живеел во Грција, затоа што тој знае дека името Елада е позајмено од Финиќаните.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ**

Дами и господа, да бидам искрен немам намера да дискутирам. Но, гледајќи како оваа седница која можеше да заврши уште првиот ден за еден до два часа, се расплина скоро три дена и малку се потенцираа некои сегменти од проблемот на признавањето, односно непризнавањето на Македонија, притоа тргнувајќи од здравата констатација на министерот

Денко Малески дека денес е време кога само вистината може да помогне. Токму за волја на таа вистина покрај инсистирањето на Република Грција, односно Европската заедница за условеното признавање на Македонија посебно треба да се нагласи уште една констатација изречена повеќе пати на оваа говорница, а тоа е дека надворешната политика на Република Македонија која во случајов беше прочешлана надолго и нашироко во голема мера е поврзана со внатрешните односи, односно внатрешната политика на Републиката. Токму во таа внатрешна политика пред се на меѓунационален план изобилува со проблеми наследени од монистичкиот период, но уште дополнети со многу нови кои во голема мера го реметат внатрешниот мир. Овој Парламент створи навика за се и сешто да окрувува некого, во прв ред Владата, од- носно одредени нејзини министри, а еве сега и претседателот на Републиката.

Три се носечките фактори на надворешната па и на внатрешната политика на Републиката, а тоа се според мене: претседателот на Републиката, Владата и се разбира овој Парламент. Овие три фактори ја претставуваат македонската администрација, или е стабилишмен чие што делување е комплементарно и сите заеднички можеби некој повеќе, а некој помалку се одговорни за лошата внатрешна, односно надворешна политика како што би биле заслужни за добрата политика. Овде мал број пратеници зборуваа за работата на овој Парламент. Малку и скоро ништо не се кажа кој е нивниот допринос за оваа состојба во која се најде Републикава. Јас тврдам дека заслугата на одредени пратеници кои натпреварувајќи се кој ќе се покаже"поголем патриот" безкруполозно газеа по честа и угледот на одредени личности, партии, нивни раководства, па дури и цели колективитети, притоа правејќи евтин партиски маркетинг и задоволувајќи моментални интереси на некои мали категории и делови на граѓанството од

оваа Република, Ветуваа огромни македонии очистени од неславјанско население, романтично занесувајќи се дури, а тоа го слушнавме и денес и со античкото потекло на сопствениот народ. При сето тоа уште и потхрануваа и потхрануваат ускратување на индивидуални и колективни права на одреден дел на граѓанството од Републикава кои тие ги уживаа и во периодот на таканаречената еднопартиска власт. Не изостанува дури и омаловажувања и навреди на национална основа. И кога на сето ова ќе се додаде демократијата на мнозинските прсти правеа пратениците во прв ред на ПДП да се чувствуваат само како дел на мебелот од оваа сала и декор пред меѓународната заедница, но без кој дел, односно декор овој Парламент може да работи. Оттука и апатијата на нашето бирачко тело во прв ред токму кон овој Парламент во кого имаше така да се рече последни надежи. Но, не е изгубена сета наша надеж, како што не треба да изгубат надеж самите етнички македонци со кои овие денови јас, како и моите колеги чувствувам поради нивното државно, односно национално непризнавање, кои можеби сега можат да видат и непосредно да осетат колку е тешко и колку боли кога некој те негира дека постоиш, а ти постоиш. Крајно време е македонскиот човек да се свести и ограничи во претераната суета, дека тој е силен како што некој спомна денес и горд и дека не му треба никој. Македонецот токму сега има потреба од својот сосед, а тоа е токму албанецот на овие простори и токму тој албанец има морална, етичка обврска да му помогне на својот сожител, етничкиот македонец и тој да опстане во сопственото битие. На десетина пати од оваа говорница искажани се мислите и констатациите дека македонците, албанците и другите во Републиката се осудени да живеат заедно. Се прашувам често

зошто толку груб израз, "осуден"? тоа јас го сфаќам како судбина да се живеа заедно и реалност која само треба да ја усовршуваме и во тоа заедништво да бараме заедничка среќа. А тоа што понекогаш ние овде жолчно се караме, тоа пак го правиме, барем јас така го сфаќам со едно длабоко убедување дека во едно семејство од време навреме требаат и караници, па дури и по некоја скршена чаша, но по можност тоа да се прави со затворени прозорци. Битно е да не се запали заедничкиот дом, зашто така сите ќе губиме. Случајот Македонија е на работната маса на Европската заедница и Светската заедница. На дневен ред не е само нејзиното признавање, туку и проблемот со индивидуалните и колективните права на човекот и граѓанинот. Европската и меѓународна заедница во прв ред сугерира недоразбирањата да си ги решиме самите, но ако тоа не успееме да го сториме, да не се срамиме во тоа со нејзината добра волја да ни помогне токму таа Европска заедница како што на 16 и 17 јули почна тоа да го прави во Охрид вчера, денес во Брисел. Ова никој не го спомнува. Демонстрацијата на сила како пред неколку дена во струшко, а деновиве и во некои други делови во Републикава покажа како не треба да се работи и експериментира во ова време на тешки искушенија кога многу лесно може да избие пожар, а многу тешко да се изгасне. Да бидеме цивилизирани е мојот апел на крајот, да се однесуваме Европејки, затоа што впрочем таму и припаѓаме. Дијалогот да ни биде водиља, а рамноправниот статус светиња.

Многу би се осетил навреден ако некој ова го сфати како уцена. Но, морам да нагласам дека на вербални изјави и ветувања дека сите проблеми ќе се надминат веќе никој не верува, не верувам ни јас самиот. За се треба дело и конкретни активности. Овој Парламент како мисли да делува во иднина ќе покаже веќе наредните денови кога ќе се вратиме на довршувањето на Четириесет и првата седница со познатите четири

системски закони. Најискрено пожелувам таа Четириесет и прва седница да биде прекретница во нашите односи, во смисол на подоброто, после кое сите заедно ќе ги засукаме ракавите и заеднички да бараме оваа двомилионска република во срцето на Балканот и формално правно да влезе во семејството на Европската заедница како што реков и пред малку дека и припаѓаме.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, бидејќи овие два дена се кажа доста во врска со признавањето, односно непризнавањето на Македонија од страна на дванаесетмината, јас од мојата дискусија ќе се откажам, но должен сум да кажам неколку реченици. Имено многу пратеници ја критикуваа надворешната политика на Македонија. Јас имам спротивно мислење.

Резултатите на надворешната политика се многу зависни од водењето на надворешната политика. За мене значи тоа внатрешна политика која се води и се креира во овој Парламент. Колку е единствен овој Парламент се гледаше досега. Ние овде свесно, или несвесно бевме поделени на големи и мали македонци, леваци и десњаци, лојални и нелојални граѓани. Дури знаевме и да дадеме такви реченици односно клевети на наши колеги, или сограѓани. Сметам еднаш засекогаш да се откажеме од такви филозофии и да се зафатиме за нашите витални животни проблеми кои мораме позитивно да ги решаваме во полза на сите нас. Впрочем таква Македонија ни треба и на сите нас.

Почитувани колеги, за мене историјата ни се повторува и не враќа во времињата на Крушевската република. Европските дванаесетмина во нивната декларација бараат да се менува името Македонија. За сите нас ваква констатација би требало да биде неприфатлива, а особено за

македонците, бидејќи ако некој бара да ти го менува името, тој е подготвен и да не ти го признава ни презимето. На сите ни е јасно какво значење има името и презимето. Некои пратеници овде рекоа дека внатрешната политика ќе се дестабилизира, или се загрозува. Јас апелирам до сите тие пратеници кои толку страхуваат нека бидат сигурни дека се тие загрозени индивидуално бидејќи стално ја злоупотребувале оваа говорница, а тие сами можат да се идентификуваат.

**СТОЈАН АНДОВ**

Имаме пријавени уште 13 дискутанти.

Ја прекинувам седницата.

Седницата ќе продолжи утре во 10,00 часот.

Седницата прекина во 17,00 часот.